СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 март 1996 година

Скопје, март 1996 година

**42- СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 28. III. 1996 ГОДИНА**

Дискутанти:

1. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 75
2. БОГДАНОВСКИ СЛОБОДАН - 49
3. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 29, 60
4. ТУШЕВ ГОШЕ - 36, 39, 66
5. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 35
6. ДИМОВ ЛАЗАР - 51, 52, 53
7. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 57.
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 3, 7, 8, 12, 41
9. МИНОВ ПАНЧЕ - 36, 38, 47
10. МАСЕВ РИСТО - 68
11. НИКОЛОВСКИ РИСТО - 33
12. ОСМАНИ РУФИ - 17, 54, 55, 56
13. ПАВЛОВ БОРИС - 90
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 4.. ( води седн.)
15. ПАУНОВ ТОДОСИЈА – 62, 63, 64, 65, 66
16. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 6, 9, 22, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 35, 45, 47, 95
17. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 31
18. РАМАДАНИ ХИСЕН - 18, 78, 82.
19. РАМАДАНИ САЛИ - 15,16,18.
20. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 20, 53
21. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 4, 34, 36, 48
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 19, 21.
23. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 91
24. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 42, 43
25. СТОЈАНОВСКИ БЛАГОЈ - 58, 62
26. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 85
27. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 40, 41, 97
28. ЧОКРЕВСКИ ТИМИСЛАВ - 5
29. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 86, 89

Дневен ред на стр.13

1. Предл.на закон за постапка за собирањ. потписи на избирачи за предлагање донес. на Зак. за распи. на референдум и за подн. предлог за пристапување кон измена наУставот на РМ. (донесен З. стр. 22)
2. Предлог за донесување на Кривичен законик. ( донесен стр.68)

- ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 март 1996 г.

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се известат комисиите што заседаваат да ја прекинат својата работа и да дојдат на седницата на Собранието.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и втората седница на Собранието; на Република Македонија.

Пратениците Кенан Хасипи, Нано Ружин, Јане Ангелоски, Благоја Силјановски и Димче Настоски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет и гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Група од 15 пратеници од Пратеничката група на Либералната партија достави барање Владата на Република Македонија да изготви информација за загрозеноста на животот, личната сигурност и имотот ва граѓаните на Република Македонија.

Барањето беше доставено до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.03.1996 година ја разгледа и усвои Информацијата за кривичните дела со елементи на насилство со кои се загрозува животот на граѓаните во периодот од 1990 до март 1996 година и заклучи да ја достави до Собранието на Република Македонија со предлог да ја разгледаат надлежните комисии на Собранието.

Истовремено Владата предлага Информацијата да не се разгледува на пленарна седница на Собранието и да биде достапна на пратениците и јавноста. Да биде доставена и до пратениците и до јавноста, но да не биде претресувана на пленарна седница на Собранието.

Го молам ....

(реакции од страна на пратениците од Либералната партија).

Предлогот на група пратеници од Либералната партија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(реакција од страна на пратениците од Либералната партија).

Барате процедурално?

Не, вие имате писмено образложение и тоа е доставено до сите пратеници. Ако имате нешто процедурално ќе ви дадам збор. Ако е образложение во врска со информацијата, тоа е се објаснето во Предлогот.

Има збор г-дин Коцевски, процедурално.

I/3.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Не е процедурално, туку е во врска со Мислењето на Владата. Мислам дека како на предлагачи не може да ни биде ускратено правото да го кажеме своето мислење , во врска со Предлогот на Владата.

Една работа е што Владата предлага по тоа наше барање. Меѓутоа, ние како група пратеници сме предлагачи на едно барање што како должност го препраќате до Владата и Владата е должна да одговори. Нашите намени со такво барање се таква расправа да се отвори на Пленарна седница во Собранието. Ние не бараме стриктно да се разговара само за тие кривични дела за кои можеби има потреба да не бидат достапни на јавноста. Во насловот на барањето убаво кажавме за Информацијата што бараме да содржи таа информација. Не може Владата на таков начин сега нашето барање да го протолкува така како нејзе и одговара. Мислам дека тоа како право го имаме и Владата е должна да постапи согласно, а такво ветување даде и надлежниот министер на мината седница на Парламентот, кога вети дека за една од наредните седници ќе биде изготвено тоа барање.

Посебно на тоа го надоврзувам фактот дека во меѓувреме од поднесувањето на нашето барање до денес се случија уште две убиства во Република Македонија и не знам колку ви е познато дека состојбата во Западниот дел од Македонија во подрачјето на Лазарополе, каде што се случи едно многу неубаво убиство, е толку наелектризирана на верска основа, што би било лошо ако ова прашање не се третира сериозно, така како што беше барано од групата пратеници.

I/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, го имате предлогот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Господин Станковски има збор процедурално.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги , мислам дека и во овој случај се покажува дека Владата се наметнува над Парламентот и мислам дека иницијативата и Информацијата што ја баравме како пратеничка група на Либералната партија е таква тема, што е за расправа на една пленарна седница.

Темата воопшто не е од таков критериум, тие податоци да не бидат достапни и да не расправата на пленарна седница. Алудирам на тоа дека сите овие информации што ги бараме, се акти, односно, е во процедура на Парламентот и ние имаме право за се што се случува во врска со загрозеноста на лицата, имотот да мора да биде расправано на парламентарна седница.

Не се работи за никакви тајни документи, не се работи за нешто што е од државен интерес работи, се работи за состојби во Македонија од аспект на загрозеност на лица и имоти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, молам да крене рака?(23 пратеници).

Дали има некој против?(44 пратеници).

Кој е воздржан од гласањето?(8 пратеници).

Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

I/5.-

Пратеникот Мевљан Таири достави барање. Владата на Република Македонија за оваа седница да изготви Информација за активностите што ги преземала и презема Владата на РМ во врска со утврдување на бројот на лицата, државјани на РМ кои живеат на подрачјето на Република Словенија, Република Хрватска и Република БиХ, односно на подрачјето на поранешната СФРЈ, што беа опфатени со војна.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

До денес немаме добиено информација од Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Чокревски, министер за внатрешни работи.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Информацијата е многу сложена, бидејќи бара голем број податоци. Не сме во состојба веднаш на оваа седница да поднесеме таква информација. На некоја од наредните,ќе се потрудиме, ако е можно да се дојде до тие податоци.

Треба само да сфатите што значи собирање податоци за наши државјани кои се на овие подрачја. Треба посебни контакти, посебни информации, посебни релации со соодветните држави, со служби итн. Не е тоа информација што ја имаме и за која имаме податоци прибрани тука, па веднаш да бидат презентирани.

Доколку сме во можност да дојдеме до такви податоци на некоја од наредните седници ќе дадеме податоци. Сепак, оваа домашна задача што е дадена е прилично тешка за веднаш да се одговори.

Не гледам,дали предлагачот г-дин Мевљан Таири е тука?

Бидејќи не е тука, јас морам предлогот да го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?(19 пратеници).

Дали има некој против? (45 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање?(10 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Аце Коцевски на 1 декември 1995 година достави барање Владата на Република Македонија да достави Информација за состојбите и проблемите со невработеноста со посебен акцент за повторното вработување на стечајните работници.

На 14 март 1996 година, пратеникот Аце Коцевски повторно побара оваа Информација Владата да ја достави до Собранието и да се дополни дневниот ред за оваа седница.

Барањето е доставено до Владата.

До денес не е добиена Информација од Владата.

Молам, претставник на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Владо Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Информацијата ќе биде доставена за една од наредните седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали предлагачот бара збор?

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Морам да кажам дека сум разочаран од крајно несериозниот однос и неодговорен однос на Владата. Тоа се потврдува и со самото излегување на министерот за правда кој е изгледа експерт во Владата за сите прашања или добил таква задача од премиерот, па овде на говорница излегува и дава ветување на една седница дека ќе се направат такви информации, а веќе другата седница самата Влада го демантира дека такво нешто нема да се случи.

Оваа Влада која себе си се третира за социјал - демократска, што значи дека би требала да води многу грижа за социјалата, односно за социјалните проблеми на граѓаните, очигледно не е во состојба ниту после 4 месеци од доставувањето на моето барање да изготви Информација за едно многу сериозно и сложено прашање што третира можеби 60% од граѓаните на РМ. Тоа е проблемот со невработеноста на голем број лица во РМ и посебно проблемот со стечајните работници, работници кои се прогласени за технолошки вишок и можности за нивно повторно вработување.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Самиот факт што само околу 201 иљада работници во Македонија редовно земаат плата и што повеќе од 100 иљади работници не зеле повеќе од 3 месеци плата и податокот дека 44 иљади лица примаат надомест за невработени, а над 50 иљади домаќинства со околу 200 иљади членови на семејствата примаат надомест за социјална заштита и бројот на над 225 иљади невработени лица регистрирани во Заводот за вработување, покажуваат колку е алармантна и сериозна оваа проблематика, а колку од друга страна е неодговорен и несериозен односот на Владата затоа што не е во состојба ни по 4 месеци да му даде адекватен третман на ова прашање и да излезе пред пратениците со адекватна информација, со соодветни заклучоци и предлог - мерки и решенија за надминување на така сериозните прашања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

28 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (52 пратеника).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за постапката за собирање потписи на избирачи за предлагање донесување на Закон за распишување на Референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основаната и неодложна потреба од итно донесување на овој закон.

II/2.-

Има збор господинот Поповски,министер за правда во Владата на Република Македонија.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Потребата од донесување на ваков закон е очигледна, станува збор за потреба од правно или легално регулирање на постапката во случаите кога граѓаните со одреден број на потписи можат да се квалификуваат како овластен предлагач на закон или тогаш кога со 150 илјади потписи можат да наметнат задолжителна одлука на Собранието да распише референдум и во третиот случај тогаш кога со исто така 150 илјади потписи можат да покренат предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. Тоа значи дека тие уставно - правни и материјални норми претпоставуваат постоење на процесуален закон, во кој ќе се уреди начинот и постапката на собирање на потписи, на идентификувањето на нивната важност, од проста причина што Уставот претпоставува определен минимум нужни елементи за идентификација. Тука се употребуваат два поими. Тоа е граѓанин во случај за предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија и вториот поим - избирач, што значи тие два елементи на секоја личност се статусни елементи и се поврзани со граѓанството или со државјанството на Република Македонија и со статусот на избирач, кој според нашите правни норми лицето тој статус го стекнува со полнолетство, со наполнување на 18 години.

Бидејќи не постои таков процесуален закон, практично постои правен вакум во таа смисла и во таа насока можно е правата на граѓаните да се одвиваат спонтано, понатаму неформално кој без точно утврдена постапка или процесни норми, без точно утврден начин на собирање и верификација на тие статусни елементи, практично можат тие права да бидат изиграни или изманипулирани.

II/3.-

Од друга страна можно е исто така во спонтани, неорганизирани и неуредени со легална процедура постапки на собирање на потписи да бидат загрозени или повредени други права или слободи на граѓаните.

Секоја правна држава која ги познава тие материјални граѓански права на иницијатива на граѓаните во исто време има и процесуален закон или процесуални правни норми, со кои се уредува постапката и начинот на собирањето и проверувањето на важноста на односните елементи.

Само една реченица ќе прочитам од компаративното право и тоа од земјата која апсолутно го има водечкото место во граѓанската иницијатива и во исто време претставува модел за другите законодавства кои го содржат институтот на референдум на граѓанска иницијатива. Реченицата е кратка и гласи вака: "Денес е така што за една иницијатива стојат на располагање 18 месеци, колку е рокот во Швајцарија, за да се собере потребниот број потписи. Овие потписи мора да се заверат од страна на станбената општина на потписниците и да се испитаат во поглед на нивната важност". Станбена општина на потписници е соодветен поим или соодветна институција на нашата институција која е надлежна за списокот на избирачите или за водење евиденција на избирачкото право. Уште еден институт, односно едно решение на Федералниот суд во Швајцарија по прашањето, откако ќе се уреди постапката дали таа може да се одвива на јавно место или не, тоа е познатиот случај на федералниот судија Купфер кој го решава тоа прашање и кој вели: "Водечкиот случај во оваа материја е без сомнение Одлуката на Купфер кога Федералниот суд објави дека неодобрувајќи го од принцип собирањето на потписи на јавно место. Таквото собирање претставува ризик за циркулацијата на пешаците, сообраќајот на моторните возила, тоа може да предизвика исто така инциденти односно

агресивни пресметки кога други лица во исто време собирачи на потписи за иницијатива која е спротивна на првата.

Значи, не треба да се собираат потписи на јавно место било каде и било кога за да се избегнат неприликите, власта треба да ја регулира организацијата на овој вид на собирање потписи, определувајќи ги особено условите за местото и за времето".

Предлагајќи го Законот за постапката за собирање потписи значи ние не предлагаме правен акт кој е непознат, спротивно на тоа правен акт кој е познат во сите држави кои го имаат правото на граѓаните на иницијатива и на распишување на референдум. Од друга страна во нашиот правен акт или во Законот што се предлага, исто така, споредба со компаративното право може да се каже дека тој закон ги има стандардите на компаративното право и дека е уште полиберален.

Конечно, со оглед на фактот дека фактички се одвива акција на собирање на потписи без притоа да постои во овој момент легална процедура и процедурални норми за собирање, сметаме дека Собранието треба да пристапи кон усвојување на овој закон со оглед на очигледната актуелност.

Вториот дел од аргументацијата се состои во тоа што Законот е едноставен, што е краток, што е јасен и содржи практично технички норми или процесуални норми за регулирање на ова право, негибајќи во самото право или во самото право на иницијативи и на можност за распишување на референдум по пат на собирање на потписи од страна на граѓаните.

Дали да пристапам кон објаснување на Законот?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не.

Кој е за предлогот на Владата на оваа седница по итна постапка да се донесе овој закон, молам да крене рака?

53 пратеника гласаа за.

Дали е некој против? (20 пратеника).

Кој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Господинот Коцевски сака да објасни зошто гласал против.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Морам да изразам протест во име на пратеничката група на Либералната партија затоа што претседавачот го наруши Деловникот, не му е тоа прв пат иако кратко време претседава на овие седници, затоа што деловнички секој од нас има право пред да се спроведе гласањето да излезе и да каже зошто ќе гласа така како што ќе гласа, а не по гласањето да ми се дава право да го кажам тоа.

Мислам дека во иднина претседавачот треба строго да се придржува на одредбите од Деловникот за работа и да не прави такви груби прекршоци.

Инаку, ставот на пратеничката група на Либералната партија по ова прашање е дека се согласува со потребата од донесување на ваков закон, баш напротив дури сметаме дека таков закон требаше да се донесе многу порано отколку сега ни се нуди по итна постапка, меѓутоа, не сакаме да го поддржиме донесувањето на овој закон по итна постапка на денешната седница од повеќе причини.

Една од тие причини е затоа што вчера им беше доделен на пратениците и немавме можност темелно да го проучиме и немаше можност да се направи соодветна собраниска постапка за да сите матични тела го разгледаат, и

Второ, затоа што сметаме дека нема никаква потреба таков закон да се носи по итна постапка затоа што сметаме дека не треба во никаква

врска да се доведува со иницијативата што во моментот се спроведува од граѓани на Република Македонија за собирање на 150 илјади потписи, затоа што тоа би значело прво, упад на Владата, односно на Парламентот во таа легална иницијатива која се спроведува според Уставот и законите на Република Македонија и затоа што на крајот на краиштата во правото важи едно правило законите да не можат да важат ретроактивно и да се применуваат така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ете, видете своето деловничко право го искористивте. За денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на закон за постапка за собираше потписи на избирачи за предлагање донесување на закон, за распишуваше на референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија;

2. Предлог за донесување на Кривичен законик;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за овластување организација за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон;

II/7.-

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Француската Република за уредување на состојбата во меѓународните договори меѓу Република Македонија и Француската Република, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговска и стопанска соработка меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет за репрограмирање на Македонскиот долг, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за сметање на времето, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменуван»е на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

15.  Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

16. Избор на судии на апелационите судови во Скопје, Битола и Штип;

17. Предлог на одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија, со Предлог на заклучок;

18. Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување на текот и состојбата од истрагата што се води во врска со атентатот врз претседателот на Републиката, господин Киро Глигоров;

19. Предлог на одлука за огласување именување на јавен обвинител на Република Македонија;

20. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар - Скопје;

21. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за физикална медицина и рехабилитација Ц.О.-Скопје;

22. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј"-Скопје;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска немам некој предлог за некоја нова точка за дополнување на дневниот ред, меѓутоа, морам да кажам една работа.

II/9.-

Ве молам, доколку имате предлог за измена и дополнување на дневниот ред.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас не се согласувам потполно со предложениот дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа ќе го ставиме на гласање, сега ако имате предлог за дополнување на дневниот ред.

**САЛИ РАМАДНИ:**

Но, јас негирам една точка, имам право да кажам дека не се согласувам и зошто.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете ако сметате дека некоја точка не треба да биде на дневен ред.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тоа го кажувам и јас. Не се согласувам со втората точка од дневниот ред. Значи, кога се предлага Предлогот за донесување на Кривичен законик, на овој начин, на овој Парламент ми се наметнува едно процесно, односно едно кривично право, Кривичен законик кој важеше во бивша Југославија. Значи на некој начин се прави една камуфлажа на перфиден начин ние да гласаме за закон на една држава која веќе не постои. Тоа е пренесување на стариот Закон. Ние даваме легитимитет на бившото социјалистичко уредување и затоа сум против оваа точка да се донесе Кривичниот законик за Република Македонија, а не од бившите закони на Југославија, која не постои.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, предлогот е таков.

Молам, кој е за предлогот на господинот Сали Рамадани од дневниот ред да се изземе втората точка, да крене рака.

6 пратеника гласаа за.

Кој е против? (53 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника).

Констатирам дека предлогот не е усвоен. Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас имам еден краток предлог, мислам дека вие ќе покажете малку разбирање за достоинството на пратениците и предлагам првата точка од дневниот ред да биде последна точка на дневниот ред, со цел и ние да бидеме во можност во меѓувреме да Ја проучиме таа материја и да ги кажеме нашите размислувања.

Мислам дека и предлагачот треба да го усвои овој предлог, со тоа што ќе ни се овозможи по таа тема која е многу актуелна да ги кажеме нашите размислувања.

Предлагам првата точка да биде последна точка од дневниот ред

III/1 ДВ/НД

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас предлагам прво да гласаме за дневниот ред, а за редоследот после и во тој контекст и за предлогот на господинот Османи.

Дали има уште некој предлог?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Предлагам во дневниот ред да се симнат точките 14 и 15.

Тоа се измени на Законот за основното и средното образование.

Мислам дека предлагачот веројатно има причини зошто тоа го предложил, меѓутоа, јас мислам дека нема смисла да расправаме за таа работа. Се знае дека тоа само може да ја заостри полемиката и да се прошири на една тема која и не е и ќе се наметне на дневен ред а мислам дека нема да биде во корист на никого. Мислам дека во евиденцијата во училиштата, како што се пишува француски, англиски, латински итн. треба да се напише и на сите други јазици на кои се изведува наставата. Ние за тоа сме расправале многу пати.

Сакам да кажам уште нешто имено сакам да го замолам предлагачот и дури да го убедам дека тоа не е во корист и на неговата партија и негова лична, ако мисли на некој рејтинг што ќе го прави на ваков начин. Особено би укажал на овој момент сега, за штетноста од отварање на расправа по таа проблематика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски, како предлагач на Законот.

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, овие две измени се доставени некаде пред два месеци.

На една од претходните седници, бидејќи немаше мислење од Владата, се согласив тие да бидат изоставени од дневниот ред. Сега бидејќи имаме мислење од Владата има конечна одлука од Уставниот суд на Република Македонија, па сметам дека воопшто нема причини овие две интервенции во законите за основно и средно образование да бидат изоставени и практично да останат надвор од она што значи почитување на Уставот. Според тоа не гледам некоја уставна причина, со тоа што педагошката евиденција треба да се води и на државниот јазик во Републиката, македонскиот, се разбира и на јазикот на кој се изведува наставата, со што се изедначуваат двете активности, а тоа е педагошката евиденција и педагошката документација. Според тоа, останувам на тоа, во дневниот ред, како што и претседателот го прочита да одат и овие две интервенции во овие два закони.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, нема расправа по ова. Прво, да завршиме со овој предлог.

Предлогот на господинот Хисен Рамадани го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (15 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?(62 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господинот Исмет Рамадани бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во името на Пратеничката група на ПДП, барам пауза од два часа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза до 14,00 часот.

IV//1/ЛП/лј

(ПО ПАУЗАТА СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖИ ВО 14,35 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Томислав Стојановски, процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За да нема некои недоразбирања и одлуката на Уставниот суд да биде правосилна, ќе ги повлечам овие два закони денеска, за да поминат седум дена од излегувањето на Службениот весник на Република Македонија и ќе замолам овие два закони да бидат ставени на дневен ред на првата наредна седница, значи на 43-та седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се работи за Законот за измените и дополнувањата на законот за основното и средното образование.

Дали уште некој предлага измена и дополнување на дневниот ред? (Не).

Молам, кој е за предложениот дневен ред да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

3 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Предлогот на г-динот Руфи Османи првата точка да биде последна го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 22 пртеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Со оглед на карактерот на прашањата што се на дневен ред, предлагам пратеничките прашања да ги разгледаме по исцрпувањето на точките што се на дневен ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

4 пратеници се против?

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на **првата точка** - Предлог на закон за постапката за собирање потписи на избирачи за предлагање, донесување на закон за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Има збор г-динот Владо Поповски, министер за правда во Владата на Република Македонија.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Кога на почетокот излегов и соопштив која е потребата од донесувањето на овој закон, во исто време информирав за решенија од компаративното право дека секаде и во овој закон исто така е потребно да се утврдат елементите што Уставот ги предвидува како нужни, а тоа е статусот на граѓани и статусот на избирач, а притоа, државата исто така да го носи прашањето на организирањето на местото и на времето на собирањето, не го кажав она второто што сега сакам да го истакнам дека духот на сите такви закони каде што државата или власта ја нормира

постапката во однос на правото на граѓаните на граѓанска иницијатива, треба Законот да го направи на таков начин што ќе ја поткрепи и овозможи граѓанската иницијатива, таа да може да се остварува едноставно и лесно и што ќе вложи свои средства и свој ангажман да ја направи иницијативата реално граѓанско право, едноставно и лесно остварливо, што значи дека во таа смисла и духот на овој закон е токму таков.

Основните принципи, да споменам се операционализација на непосредното учество на граѓаните во остварувањето на власта на Република Македонија како едно од основните права на граѓаните, конкретизирано особено и на планот на граѓанската иницијатива и првото на иницијатива за референдум.

Второ, обезбедување веродостојност на потписите и утврдување на статусот на избирач на предлагачите за донесување на закон за распишување на референдум и за покренување постапка за пристап кон измена на Уставот.

Трето, што е битно, проверливост на бројот на дадените потписи од страна на иницијаторот за собирање потписи.

Во таа смисла, структурата на законот ја одразува прво и го решава прашањето на самата иницијатива и понатаму на постапката на собирањето на потписи.

Во првиот дел, Законот што се предлага за усвојување денес, како иницијатори ги квалификува 100 граѓани, регистриран на политичка партија и здруженија на граѓани, што значи дека субјектот што може да покрене иницијатива практично е опфатен и индивидуално преку граѓаните и исто така преку неговите политички организации односно здруженија. На таков начин, практично достапот до граѓанската иницијатива од становиште на легитимиран иницијатор е евидентно проширен во духот токму на она што на почетокот го кажав.

IV/4.-

Идејата да се поткрепи и овозможи едноставно иницијативата е уредена на тој начин што иницијаторот ја соопштува иницијативата било за иновации или донесување на закон, било за распишување на референдум или за пристапување кон измена на Уставот до претседателот на Собранието на Република Македонија. Претседателот на Собранието во рок од три дена треба да испита два елементи:

Едниот, дали иницијативата потекнува од легитимен иницијатор во смисла на 100 граѓани со статус на граѓанско и со избирачки статус, дали потекнува од регистрирана политичка партија и од регистрирано здружение на граѓаните, и

Второ, да утврди дали прашањето, доколку станува збор, за иницијатива за распишуваше на референдум, дали прашањето е уставно допуштено како прашање, како предмет на референдумот. Ако има сомнение во однос на уредноста на иницијативата и на прашањето за иницијатива, е должен на наредната седница на Собранието да го постави истото прашање, а Собранието заклучува по однос на уредноста, донесува заклучок или ја завршува својата дискусија по однос на уредноста со заклучок. На таков начин практично се штити позицијата на иницијаторот, бидејќи на таков начин Собранието донесува општ правен акт кој може да биде оспорен пред Уставниот суд, што значи се создава основа за да може иницијаторот, доколку е незадоволен, да го провери системот до она што според Уставот на Република Македонија е врв на оценка на Уставноста и законитоста на актот. Практично тој заклучок е заштита на самиот иницијатор.

Кога станува збор за изминувањето на фазата на иницијатива и влегување во фазата на остварувањето на активноста за собирање на потписи, според законот државата активира еден броен просторно распореден механизам од 400-тини уписни места, во кои влегуваат одделенијата за општа управа во сите 34 општини што постојат во Република Македонија, 264 месни канцеларии распоредени на просторот

на Република Македонија и 120 дополнителни уписни места, по едно уписно место во секој изборна единица за избор на пратеници на Република Македонија, вкупно 400 изборни места.

Определувајќи го местото и мрежата која проценуваме, а на парламентот е да оцени, дека станува збор за една широка бројна мрежа, просторно рамномерно распоредена и достапна до избирачите и до граѓаните на Република Македонија, работното време е секој ден од 8 до 15 часот, во еден од работните денови попладне од 16 до 20 часот и секој саботен ден, на таков начин просторно и временски практично оваа мрежа е достапна за да се поддржи од страна на граѓаните иницијативата на иницијаторите за првото, второто, односно третото прашање.

Битниот елемент или вториот елемент кој што е вклучен за законот е транспарентноста, контролата и проверливоста на бројот на запишаните граѓани од страна на иницијаторот, па се предлага во законот иницијаторот да може во сите уписни места да има овластен контролор кој што учествува во процесот, посматрајќи го, вршејќи увид на начинот на давањето на потписи, односот на службеното лице, со тоа што образецот кој што исто така е законски утврден, со оглед на неговата структура и податоците што се бараат, овластениот претставник може да го парафира, а на крајот од секој работен ден во 15,00 часот односно во 20 часот во денот кога и попладне се работи, добива службена потпишана белешка од службеното лице, контролорот на иницијаторот колку во тој ден се запишале лица и ја дале својата поткрепа на иницијативата. Во исто време, овластениот претставник на иницијаторот дава белешка за примената потврда и за бројот, па на таков начин практично двете страни располагаат со ист податок.

Завршената акција, како што знаете, или акцијата за собирање на потписи за измена или за предлагање закон со 10 илјади потписи е поставена во рамка од три месеци, додека активностите кои што се поврзани со собирање потписи од 150 илјади избирачи се предвидени

да завршат во рок од шест месеци. Тогаш кога ќе завршат, а тие можат да завршат пред време, второ, тогаш кога ќе истече критичниот момент, трите месеци односно шесте месеци, се соопштува повторно на претседателот на Собранието резултатот и му се предаваат документите од самата активност, натаму е надлежноста на Собранието во рамките на Уставот така како што е предвидено.

Од овој краток опис може да се заклучи дека овој краток текст практично содржи стандарди, предвидува институции, ангажира средства од државата на начин на кој со ништо не се попречува иницијативата на граѓаните и правото преку потписи да пристапат кон предлагање на закон, за распишување на референдум и пристапување кон измена на Уставот, туку спротивно, практично ја поткрепуваат, ја прават реална, но создаваат услови таквите акции да не загрозат други права или да не загрозат некои други слободи на граѓаните, непотребно создавајќи тензија на тој план. Вакви правни решенија, како што реков, постојат во сите држави кои предвидуваат институт граѓанска иницијатива и можност преку иницијатива да се распише референдум, тоа се стандарди што се урбани, познати во една долга правна традиција.

Се надеваме дека овој закон, ако биде усвоен, ќе користи независно од тоа која партија, кое здружение или која група граѓани покренува иницијатива и се надеваме дека овој закон како процесуален закон ќе може да има на тој начин еден долг век, создавајќи еден правен критериум и ниво во односните процеси на остварувањето на правото на инцијатива на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бар аз бор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

IV/7.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 4, за додавање нов став 4, за менување на член 6 и за додавање на нов член 13 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аце Коцевски, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Ристо Николовски поднесоа амандман за додавање нов член 12-а , по кој Владата не се произнела.

Пратениците Љубомир Поповски, Алил Џафероски, Ристо Масев и Александар Гештаковски поднесоа амандмани на член 3 став 1, член 3 став 2, за менување на член 4, член 6 став 3, член 4 за менување на став 1, член 10 и на образецот за собирање на потписи за поднесување на предлог за пристапување ко"Н измена на Уставот на Република Македонија по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џафероски, Ристо Масев и Александар Гештаковкси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи сметаме дека тој елемент е вклучен, од проста причина што можноста за распишување на референдум е дадена во рамките на надлежностите на Собранието на Република Македонија, што значи дека се она што е решено на категоричен начин по сила на Уставот, не е опфатено со можноста преку иницијатива на Референдум да биде предмет на самиот референдум.

Од тие причини, овој процесуален закон, практично само се надоврзува на материјалните закони, тоа е прво, на материјалните решенија на Уставот и на Решенијата што ќе ги има или што ги има во овој момент' Законот за референдумот односно што ќе ги има новиот закон за референдум и граѓанска иницијатива.

IV/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине министре, станува збор за иницијативата од став 2, на овој закон. Од технички карактер е тој.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас коментирав за амандманот 2, бидејќи прво единствено тој го видов. " Во член 3 во ставот 1 зборот "став" се заменува со зборот "член".

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се произнесете по тој амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Да, тоа е техничка грешка, се прифаќа.

За второто објаснив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џафероски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тоа е во член 3, став 2, зборовите "уставно допуштено" се бришат. За тоа одговорив веќе, не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не се прифаќа, благодарам.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе почитувани колеги пратеници, мислам дека е направен еден деловнички пропуст, имено ние како пратеници воопшто не се произнесовме по предлогот за донесуваше на закон, а наеднаш влеговме во постапка за разгледување на Предлогот на закон, дури и во амандманска расправа. Мислам дека воопшто не е коректно на овој начин да се спроведуваат законите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам деловнички е сосема во ред. Проверете го тоа во деловникот, и се работи за закон по итна постапка, веднаш се поминува на претрес по предлогот на закон. Подобро прочитајте го деловникот.

Дали некој друг бара збор? (не)

Ако никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Шест пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 2, поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Отворам претрес' по амандманот за менување на член 4 под-несен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

V/2

Има збор претставникот на Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не гледам битна разлика меѓу членот од основниот текст и на овој амандман поднесен од споменатите пратеници. Тука само да информираме дека има амандман и од Владата на член 4 да се додаде став 4.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

8 осум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на став 1 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Поимот или зборот граѓани во членот 6 став 3 се однесува на иницијативата на граѓаните за пристапување за измена на Уставот и тој

поим го применува уставот на РМ. Од тие причини во ставот 3 ние употребуваме поим граѓанин а во ставот 1 и 2 поимот избирач, затоа што Уставот за предлог закон за распишување на референдум употребува поими избирачи. А во третиот случај самиот Устав употребува поим граѓани, што значи уставната дикција е таква, не можеме да ја коментираме. Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе ние инсистираме на овој амандман бидејќи и во самиот наслов на законот кој гласи Предлог за донесување закон за постапка за собирање потписи на избирачи. Овде сега не би било логично да се употребува поимот граѓани, а законот носи наслов избирачи. Треба да биде прецизно и содржината и насловот да бидат усогласени. Тоа е од техничка природа амандман.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ако добиеме амандман за насловот на законот да гласи за собирање на потписи на избирачи односно на граѓани ќе го прифатиме бидејќи така се употребува во Уставот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи не го прифаќате.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 33 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 3 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на образецот за собирање потписи за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на РМ поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ист е одговорот, тоа е избирач и граѓанин и тука не се прифаќа, се тргнува од уставниот термин.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на образецот за собирање потписи за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на РМ поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Алил Џаферовски, Ристо Масев и Александар Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а поднесен од пратениците Аце Коцевски, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Ристо Николовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Амандманот не се прифаќа бидејќи овој закон како што во уводното излагање г-динот Коцевски рече дека решава правна материја и дека важењето на законите е уредено со повисоки акти што значи дека ваквата одредба во законот би бил типичен неправен институт и би создал конфузија околу карактерот и важењето на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, сметам дека вака формулираниот закон каде што не постојат преодни одредби во кој ќе се регулираат досегашните иницијативи со што ќе се создаде една можност да се минира одредена претходно започната иницијатива, тоа е едно и второ, Законот за референдум постои од 1974 година, и ако сега овде не дадеме можност покренатите иницијативи да се спроведуваат според поранешните прописи, тоа значи дека доведуваме во прашање, претходно на овој начин собирање на потписи, и иницијативи за други прашања, конкретно и при изборот на пратеници за независни кандидати се собираа потписи, не постоеше ваква регулатива. Затоа од овие причини сметам за да не се манипулира понатаму со веќе започнатите иницијатива, треба во овој закон да не се дозволи ретроактивно дејство на одредени постапки, бидејќи тоа е и општо правно правило ретроактивно да не сеременуваат законите.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Мислам дека иницијативата е комплетно беспредметна од проста причина што член 13 укажува на важноста на законот а што е во

согласност со уставните одредби. Второ ако во посебен член се каже дека не се однесува на оваа иницијатива, дали знаете дека можеби постоја уште три иницијативи кои што се одвиваат за собирање на потписи, а кои што немале можност преку конференција за печат да ги објават, а фактички се остваруваат. Речено со други зборови, дали конференцијата за печат е официјален акт и чин преку кој се легализира одредена активност за собирање на потписи. Или ако не се одржала конференција за печат дека другите активности немаат таков карактер Односно, и дали само оваа иницијатива што сега се спроведува е иницијатива која што се спроведувала или не, или имало и некои други иницијативи кои исто така се спроведувале, и ако ставиме некој член во таа смисла, што би значело важењето на тие иницијатива по различни прашања кои што исто така нашата јавност знае дека биле спроведувани преку собирање на потписи. Пто значи едноставно овој закон регулира материја со правни стандарди и по принципите на важност што ги има правниот поредок. Дозволете, оваа држава има трета власт, или една од трите власти која што е автономна или самостојна и чија што надлежност во услови на спор да донесат одлуката во таа смисла законитоста и уставноста, дозволете, Уставниот суд да може, до колку има спор, да го решава прашањето. Белким, ми се чини дека извршната власт, па и ова Собрание нема да го консулмира она што е надлежност на тие институции.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас нема да спорам со почитуваниот министер, меѓутоа ќе истакнам еден пример. Ние пред малку носевме закон за просторно и урбанистичко уредување на РМ и во тој закон и после донесувањето на тој закон, во општините, во локалната самоуправа, предметите што беа во постапка се донесуваат се додека тие предмети не се завршат. Значи сите предмети што се во постапка се терaат по старите законски прописи

додека новиот закон предвидува со новите примени. Според тоа укажувам на тоа дека имаме два аржина, имаме два метода во решавањето во овој случај по првиот аршин а во другиот случај по вториот аршин. Молам ова да се прифати.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани дами и господа пратеници мислам дека е битно министерот да одговори на прашањето - дали оваа иницијатива која денеска е завршена се суспендира? Тоа е битно дали се повредува оваа граѓанска иницијатива. Би било чесно и поштено министерот да каже, а ова дали постоја три власти или е споена една партија една држава, тоа е прашање на времето.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Морам да укажам на почитуваниот господин пратеник дека прашањето е неумесно, од проста причина што министерот нема никаква надлежност да се произнесува, а поготово да има какво и да е правно или официјално значење околу иницијатива, политичка иницијатива или иницијатива на политички партии, или на кој и да е иницијатор кога собира потписи за кое и да е прашање. Министерот за правда е член на Владата, задачите и надлежностите на Владата се определени а како министер за правда ние сме и стручен орган во подготвувањето на правни акти, анализа на состојби, пред Владата а преку Владата пред Собранието, но не директно. Што значи воопшто не сум надлежен за тоа што ми го упатува г-динот пратеник. А бидејќи вклучи и етички елементи, до тука беше одговорот во правна смисла, во смисла поштено е, можеме ако се сретнеме некаде да ви го кажам поштено моето приватно мислење.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Дали е умесно или не прашањето, ќе го кажат граѓаните.

V/8

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, поаѓајќи од Уставниот постулат и од членот 68 дека Собранието донесува закони и поаѓајќи од принципот лекспостериус дерго априори, кога се донесува нов закон, се укинуваат сите други закони што ги имаме, мислам дека не треба да ги мешаме проблемите на постапките. Министерот добро одговори кога кажа дека Уставниот суд ги цени заштитата и слободите и правата на граѓаните, ако има спор во таа постапка што е спроведена. До донесувањето на законот на правна сила, тој ја уредува материјата во рок од осум дена од денот на објавувањето стапува во правна сила. И во РМ сите односи како општо правило на законот ќе ги регулира сите натамошни случаи со исти битни обележја на неопределен број случаи што ќе се случуваат во РМ. За заштита на слободите и правата по старите закони, ако сметате вие на континуитет на примената на самиот закон тогаш согласно член 118 од Уставот на РМ, Уставниот суд ќе каже дали таа постапка е во согласност со позитивните законски прописи на Републиката или не. Немојте Собранието да го инволвираме да суди дали таа постапка е легитимна или не е, зашто и местото не му е на Собранието тоа да го пресуди.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господа пратеници, господа министри дали тоа значи дека одлуките кои што се донесени во последно време од собранијата на локалната самоуправа во РМ каде што е користен членот 54, сите тие одлуки треба да се укинат.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе потсетам на содржината на амандманот предложен од група пратеници на Либералната партија кој гласи: "Одредбите на овој закон не се

применуваат на граѓанските иницијативи чија реализација е во тек". Овој амандман е поткрепен со уставната одредба за овозможување на непосредната форма на демократија, а тоа е граѓанската иницијатива. Исто така покрај уставната поткрепеност, досегашните граѓански иницијативи покрај својата уставна заснованост, тие имаат и своја законска заснованост, во последните измени на законот за референдум, каде што исто така стои дека референдум, меѓу другото, се покренува како постапка со собирање на 150 илјади потписи.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Од напред искажаното, уставна и законска согласност на предлогот на група на пратеници од ЛП за постојните што се во тек граѓански иницијативи, а тие граѓански иницијативи се покренати од овластени предлагачи кои и во овој закон ние ги предвидуваме дека се овластени иницијатори и организатори и предлагачи на граѓанска иницијатива. Таа граѓанска иницијатива (некои од пратениците дофрлуваат од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам, немојте од место да дофрлувате.

Продолжете г-дине Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Таа граѓанска иницијатива е исто така по изразите на расположение на граѓаните изразена токму во правецот кој што ние го предвидуваме во овој закон, па ако се тргне од крајната цел дека крајна цел на секоја граѓанска иницијатива не е да се донесе некој пропис или закон, туку еден вид, една форма преку анкетирање да се види расположението на поголем дел грасачи, избирачи, граѓани со статус на гласачи, која што нас не обврзува како Парламент да распишеме референдум и каде што ние сме со сите ингеренции на спроведуваше на тој референдум и органи, мислам дека би било најмалку што можеме да сториме за оваа актуелна, граѓанска иницијатива, за предвремени избори, од овој Парламент како законодавно тело, да ги расчитиме сите дилеми, да го усвоиме овој амандман од група пратеници од ЛП која што нема да ги задушува и нема да ги ограничи токму постојните односно

постојната граѓанска иницијатива која што се докажа дека како расположение на голем број на граѓани не обврзува нас како Парламент да донесеме одлука за распишување на Референдум.

Сето друго, господа колеги, ќе ја потврди покрај целосната исправност на потребата од донесување на овој закон, ќе ја потврди недоследноста, ќе ја потврди темпираноста временска на донесување на овој закон, ќе ја потврди исплашеноста на актуелната власт да се сопрат, да не се дозволат граѓански иницијативи кои сите се согласиме како Парламент во усвојувањето на Уставот дека е непосредна форма на демократија и го поддржавме.

Уште еднаш предлагам амандманот на група пратеници од Либералите и апелирам на свеста и совеста на пратениците членови на овој Парламент, апелирам во интерес на граѓаните кои што ете и во постојната постапка што ја спроведува за предвремени избори изразија расположение ние да донесеме референдум и го испитаме и преку тоа расположение и го верифицираме и потврдиме нашиот статус на бидување овде. Јас исто така лично ни е еден предизвик со референдум, со предвремени избори да го испитаме тоа. Тоа треба да биде и на сите нас.

Ви благодарам.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас реков дека денеска нема да го решаваме случајот дали една покрената иницијатива е уставна или противуставна, или законита или незаконита. Ако го погледнете амандманот, тој во суштина го дерогира целиот закон да ја регулира материјата во иднина што ќе се случува .понатаму и де факто во суштина ние не му даваме на тој закон да ја

регулира таа материја која ќе се случува во континуитет до завршување на сите постапки. Сакам да кажам дека законот како општо правно правило ќе ги регулира сите идни случаеви кои ќе се случуваат со ист битни обележја, и би поставил едно битно прашање. Дали значи дека треба да ја прифатиме иницијативата за покренување референдум за Илирида. Дали е таа законита или уставна. Дали и други иницијативи кои се надвор од целиот правен систем, систем на земјата, кога ќе дојде случајот Собранието да донесе одлука за распишување на референдум, тогаш ние мериторно ценејќи го секој доказ посебно и сите заедно во една логична целина ќе процениме дали тоа е во согласност со законот и дали може да се распише таков референдум и тн.

Станува збор, таквиот амандман во суштина го дерогира целиот закон во иднина да ги регулира случаите кои ќе се случуваат во Македонија односно да ја регулира таа материја за која тој се донесува. Оттука сметам дека таквиот амандман не треба да биде прифатен.

Што се однесува за постапките бидејќи е познато во законите кога се однесува за остварувањето на основните граѓански субјективни права заради остварување во процесните закони,во вонпроцесните во кривичните закони, тука не станува збор за таков правен континуитет на остварување на такво право.

Благодарам.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да му одговорам на г-динот Туше Гошев за едно споредување со

референдумот на Илирида. Прво треба да знаете дека тоа се работи за референдум на малцинство, за формирање на Илирида (реакција на некои од пратениците во салата).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, молам, за внимание.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Малцинствата не можат да се самоопределуваат и да градат референдуми за држави. Тоа е јасно прашање. Ова е сосема друго.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Видете, постоечкиот, овој закон што е предложен нема преодни и завршни одредби. Обично во добар дел од законите што се предлагаат во главата преодни и завршни одредби се ставаат тие одредби од кога стартува и тн.

Тоа што го кажа г-динто Туше Гошев дека во иднина ќе бидат дерогирани некои работи воопшто не држи, затоа што амандманот што е предложен се однесува за иницијативите кои се во тек, односно заради да се оневозможи упадот со донесувањето на овој закон што сака да го направи Владата во спроведувањето на тие иницијативи.

Иницијативите кои што ќе започнат од денес натаму, не се спорни, ќе бидат третирани според овој закон. Амандманот се однесува за иницијативите кои се во фаза на реализација, во моментот кога ние го донесуваме законот. Убаво кажа еден од колегите дека има во правото регулатива која вели и кога ќе се донесе друга законска регулатива се зема онаа која ќе оди во прилог односно која дава олеснителни околности, а исто така оди во прилог тоа што го кажа г-динто Станковски,

бидејќи г-динот почитуван министер за правда рече дека вакви амандмани односно членови не е добро да се ставаат и противуставно да се ставаат во закони, би го прашал, дали е тогаш противуставен законот за просторно и урбанистичко планирање во кои има одредба во еден од неговите членови, дека за предметите кои се веќе во реализација започнати ќе се применуваат одредбите од стариот закон од системот од просторно и урбанистичко планирање. Дали не доаѓа самата Влада во колизија.

А, што се однесува до спомнувањето иницијативата Илирида тоа се прави тенденциозно за да се обезбредни оваа иницијатива што граѓаните ја имаат за распишување на предвремени избори. Јас би се чувствувал навреден затоа што главниот промотор, да сум на ваше место, а се разбира, затоа што главниот промотр на таа идеја сега е заменик на министерот аз правда, знаете за кого се работи.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-динто претседателе, почитувани пратеници, во минатиот состав н Парламентот имаше и пратеници, прилично агилни еден од таков тип беше еден металостругар што од оваа говорница со часови ни држеше лекции од право и од Устав. Тој повеќе не е во овој Парламент. (некои пратеници дофрлуваат од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место да дофрлувате.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Веројатно по добар впечаток и импресија на тие сесии еден добар мешач на бетон ни држи предавања како треба Уставот да се толкува (некои пратеници дофрлуваат од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место да дофрлувате, побарајте збор.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

и на кој начин треба правото да се кажува. Видете, што се однесува до прашањето вистина е дека овој закон не содржи одредба со која упатува на крајот за да ги регулира односите во врска што со претходните ситуации. Заборавате, пред се за основниот нацрт на закон, се работи за закон кој ги регулира односите кои се начелно вообличени со новиот Устав на РМ од 19 81 година и тоа за 3 ситуации кои се изричито одредени во Уставот на РМ. Тоа се за граѓанските иницијативи на граѓаните во РМ, граѓани во политичка смисла, за предлагање на закон како рамноправни предлгачи 10 илјади покрај пратениците и другите овластени органи Владата и тн., граѓани како предлагачи во политичка смисла избирачи за предлагање на претседател на Републиката покрај други овластени предлагачи и граѓани за збирање на потписи, за предлагање евентуално за изјаснување на референдум на граѓаните по одредени прашања од надлежност на Собранието на РМ. Тоа е материја која не е покриена со закон и од таму овој Парламент ја утврди потребата едногласно од донесување на овој закон.

Во преодни и завршни одредби би биле потребни одредби кога претходно би постоел некој друг закон кој ја регулира таа материја и за

да се уреди тој однос за актуелни односи кои би настанале што се врз основа на тој постоен закон со кој би се дерогирал сега овој закон, тогаш треба да се ^редат во преодните одредби и завршни одредби тие односи што е нужно. Таков закон не постои во РМ. Некој овде спомна пример што законот за просведување на референдум кој нема врска со овој закон кој ние го носиме денеска. Овој закон извира точно од овластувањето определени што ги дава новиот Устав на РМ.

Ако се сака да се внесе политичка магла во сето тоа, може и на таков начин Собранието да се позанимава со оваа работа. Ако саскаме да ставиме сериозен приод по однос на разрешување на прашањето вака стојат работите. И не треба многу напор да се погледне дека работите стојат така. Всушност, постои во оваа Република и надлежни органи согласно Уставот определени кои може да ја оценуваат таа иницијатива и сите одредби од законот, кои се тоа, Уставниот суд. И тој што ќе го каже тоа мора во оваа Република да се почитува.

Мислам дека начинот на кој се сака да се поврзе некој актуелен момент во врска со некој таканаречена граѓанска иницијатива што деновиве е присутна во медиумите во врска со носењето на овој закон и изразите од типот на упад на сериозни овде мој почитувани колеги мислам дека не држат. Се знае упадот го врши оној кој илегално влегува во легален дом, а не може легално избрани државни органи во уредена постапка со Устав и со закон што ја работат работата да вршат упад во работа која е илегална. Тоа е ноторен факт и треба да се познаат, јас лично сметам дека и сите пратеници тоа овде го знаат. Но, поради потребата од политичката магла некои има и таква потреба да го каже тоа од оваа говорница.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги молам сите пратеници вклучително и г-дин Стојановски да го чуваат достоинството на своите колеги при настапот на говорницата.

Има збор г-динот Поповски, министер во Владата.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Најдобро е да се задржиме на првниот терен и одговорот е токму тој преодни и завршни одредби овој закон нема бидејќи за иста материја, а тоа е за постапката за собирање на потписи во конкретните точно предвидени со Уставот случаи, претходен закон нема. Што значи не затекнуваме една правна ситуација, па сега со оваа нова правна ситуација треба да го определиме преодниот режим. Можеби создава заблуда на пример постоењето на некои слични постапки за собирање на потписи или утврдување на идентитетот можеби членот 7 од Законот за избор на претседател на РМ и членот 24 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, но тие одредби во тие закони не се предмет на регулирање на овој закон. Кога ќе се донесе нов закон за избор на пратеници ќе го уреди веројатно преодниот режим по тоа прашање во врска со односниот член од тој закон.

Втората можна заблуда е мешањето на овој процесуален исклучиво процесуален закон со материјалниот закон, на пример со постојниот закон за референдум. Со овој закон не се носат одредби од материјална природа во врска со граѓанските иницијативи и со референдумот. Тогаш кога ќе се донесе нов закон за референдум и за други граѓански иницијативи ќе се уреди преодниот режим меѓу нормите на тој закон во однос на нормите што денес постојат во однос на таа

материја. И навистина мислам дека тука завршува правниот терен на дискусијата. Надвор од овој терен не е навистина политички терен и во таа смисла сепак сакам да укажам бидејќи фактите се категории што можат да се евидентираат околу таканаречен упат во акција или упад на акција во една процедура на закон. Сигурно донесувањето на овој закон Владата на РМ го објави пред иницијаторите политичките партии да објават во јавноста дека почнуваат со кација собирање на потписи. И, беше јасно во петокот попладне кога ја слушнавме таа иницијатива, на АЈ- телевизија еден од членовите на една од партијата што е иницијатор кажа, ние слушнавме дека Владата ќе донесе закон, што знаеме каков закон ќе донесе и почнуваме. Меѓутоа, таа аргументација околу упадот кој кога упаднал мислам дека е апсолутно ирелевантна во случајот на донесувањето на овој закон.

Овој закон пополнува една празнина, важно е да се донесе бидејќи Уставот предвидува три ситуации за кои нема процесен закон, а дека е актуелно да се донесе и регулира апсолутно е актуелно, а дека се регулира тоа можете да споредите дека овој закон на стандарден начин како што го имаат најдемократските држави со плус додаток, јас тоа денеска се изложив, па реков дека навистина нашиот закон е понапреден и од најнапредниот со оглед на институтите кои што гарантираат проверливост и јака позиција на иницијаторот.

Овој закон ќе оди на оценка пред Уставниот суд, веројатно кај нас бидејќи ние се провеpуваме и ќе го дадеме на експертиза пред Советот за Европа и сметам дека ќе се увери политичката јавност во РМ дека донесовме закон или правни стандарди  кои што навистина ќе важат за сите случаи од денот на неговото важење натаму

**ВЛАДО ПОПОВСКИ: (**продолжение)

И од тие причини не би требало да поврзуваме акт на донесување на правни норми со нешто што се одвива само по себе, или по своја логика ако таа акција во еден момент, веројатно, дојде пред органите и бара правна верификација, дозволете тие органи низ процедурата која што е и уставно и апсолутно по сите општи и правни узурси позната и регулирана, да се одвива. Тоа не може никој денеска навистина да го пресече во овој момент. Во овој момент ние носиме само закони.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Имам коментар и одговор на објаснувањето дека овие прашања до сега не се регулирани по закон и затоа нема правна основа за преодни и завршни одредби. Тоа не е точно од причините кои во првото мое обраќаше ги искажав, а и ги користи самиот предлагач во законот, па кажува дека за во Законот за избор на претседател на Република Македонија е само регулирано ова прашање и како што реков во Законот за спроведување на референдум. Што значи овие прашања се веќе регулирани во законот и по нив во спроведувањето сите сме сведоци и во претходниот период и сега актуелно се спроведува граѓанска иницијатива.

Втора работа, станува евидентно од коментирањето на настапите на подржавателите на овој амандман дека колку е тешко и на секакви квалификации се изложуваме ние еве како пратеници од Либералната партија во борењето на стигнување ефекти за непосредна демократија. Тоа сакам посебно да го истакнам и сметам дека во таа борба за ефектуирање на облиците за непосредната демократија и тешко сигурно нема да биде изгласано, поради гласачкиот број, а и многу на погрдности

и негативни квалификации се изложуваат пратениците од Либералната партија.

Трета работа што сакам посебно да ја акцентирам тоа е следното. Нашата главна цел како пратеници и како парламент е одредени односи и прашања да ги регулираме со закон и само така ако ги уредиме со закон, ние сме ја постигнале таа цел како орган на парламентарната демократија, да не оставаме простор извршната власт или некоја друга власт во спроведувањето на законот да изрази самоволие и таа да го протолкува законот.

Регулирањето на одредено прашање конкретно прашањето на граѓанските иницијативи во тек, конкретно на граѓанската иницијатива за предвремени избори, фактички, ќе ја постигне нашата цел како законодавен орган да дадеме придонес во таа парламентарна демократија да го уредиме ова прашање и со тоа ние сме ја постигнале таа цел. Сето друго фактички е јасен одговор дека овој орган односно парламентарното мнозинство во овој парламент е против граѓанската иницијатива за предвремени избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Добро, се сложувам со министерот дека треба да сме во сферата на правото и тоа е право. Меѓутоа, не би се сложил со маглата која ни се фрла во очи дека не смееме да дискутираме за право ако не сме правници. Барем така јас ја сфатив таа дискусија. Ние како пратеници сме специјалисти од разни области и имаме право и треба да дискутираме од сите сфери, од сите законски проекти кои се носат и тоа право никој не може да ни го одземе или да ни префрли. Мислам дека треба, јас секогаш се појавувам на говорница кога треба да го одбранам дигнитетот на пратеникот, независно дали е во овој состав или во

претходниот. Мислам дека не е во ред да се прозиваат некои металостругари до претходниот состав, кои дискутирале за некои правни работи. Мислам дека со таа надменост нема себе да се воздигнеме и да си го сочуваме дигнитетот.

Што се однесува до металостругар, јас и пред малку реков и г-динот Маршал Тито беше металостругар, јас не бев член на Комунистичка партија на Југославија, меѓутоа, многу го почитував и го почитувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, да разговараме за амандманот. Г-дин Богдановски.

**СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, господо министри. Не припаѓам на група политичари повеќе сум професионалец во струга. Но, припаѓам на група пратеници кои што се повозрасни во овој парламентарен ред, па не можам да речам дека и не сум бил активен учесник или пратеник во политика.

Сакам да укажам на една состојба во која што на денешнава седница на Парламентот, а следејќи повеќе седници во која што влегуваме во една вода, во еден терен кој што, сепак, јас имам поинакво мислење во делот на она што претставува политика, барем од оној аспект од каде што јас имам почнато. Припаѓам на групата на СДС, а инаку по својата определба сум нешто повеќе како космополит, бидејќи гледам односи во оваа релативно мала држава со сите политички опции и луѓе кои што денеска се на овој ден.

Сакам да укажам на една работа, а тоа е дека јас сум против амандманот кој што е предложен од групата на пратеници од

VII/4.-

Либералната партија. Од кој аспект? Бидејќи сметам дека се нешто во оваа држава, иако сме мала држава, млада држава треба да биде регулирано во правната сфера. Јас сум исуфициентен во тој дел, но следејќи ја политичката иницијатива на политичките партии, а не граѓанската иницијатива, тоа што е крстена како граѓанска иницијатива за предвремени избори, а не со вистинското име политичка иницијатива за референдум за одлучување на граѓаните на Република Македонија за референдум за предвремени избори. Од тој аспект, а следејќи и потекнувајќи од една изборна единица во која што сите имате информација каква е и што е сметам дека вистинскиот граѓански глас во делот каде што треба граѓанинот да се произнесе, треба да се произнесе самостојно со своја волја да го потпише тоа што претставува вистинска вредност на неговото мислење. Тоа е она што треба сите да не воодушевува и да ги почитуваме своите и политички антагонисти или пак оние луѓе кои што не се согласуваат со нашите мислења и со нашите ставови. Не можеме да зборуваме, бидејќи ја следев иницијативата дека група или групи кои што се формирани, морам да кажам дека има и културни групи кои што идат од куќа на куќа и кои што ги вознемируваат луѓето во време кога е предвидено за одмор или не, но тоа се сепак, има и групи кои што просто ги силуваат луѓето за потпишување, бидејќи вршат одреден притисок на тие луѓе. Затоа сметам дека не може да има ретроградна инцијатива, оти оваа држава ќе се претвори само во држава на референдуми, ако нема правна регулатива, затоа што ако граѓаните ни дадоа доверба во текот на овие 4 години во кои што сметаат дека во одреден период дека ќе ги застапуваме нивните интереси и ќе водиме политика која ќе има свој квалитет ги изневериме а постојано за овие 4 години влегуваме само во политички битки под знак наводници велам а тоа значи дека постојано влегуваме од една иницијатива во друга, а тоа значи секогаш оние кои што ќе изгубат во политичка смисла на изборите или на некоја иницијатива повторно ќе собираат одредени потписи.

VII/5.-

Сепак, ова е млада држава. На оваа држава и на овие луѓе им требаат одредени вредности, за кои што ние сите сме одговорни да создадеме подобар и поперспективен живот на тие луѓе затоа што имаме генерации кои доаѓаат после нас, тоа се и наши генерации, лични, фамилијарни, пријателски итн. Всушност, сите во оваа држава претставуваме релативно мала држава со релативно мал број на граѓани за да можеме постојано да биеме битка за да ги застапуваме нашите интереси. Оваа иницијатива во законската регулатива, а посебно овој амандман предлагам да не се усвои, бидејќи тој ќе доведе до хаос во оваа држава и дека со тоа ќе создадеме многу проблеми во оваа држава, вклучувајќи и на сите места во кои што и ние делуваме и каде што работиме. Според тоа, сметам дека секоја иницијатива треба да биде легализирана по критериумите на правото иако тврдам јас од право не се разбирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, немав намера да се јавувам во расправата, но бидејќи од дискусиите по овој последен амандман произлегоа многу работи во кој што јас не сакав да верувам дека се такви, но по се изгледа се такви. Имено, со носењето на овој закон за најенепосредните права на граѓаните, за уредувањето на најнепосредните права на граѓаните јас очекував дека она право кое што Уставот го дава во остварувањето на непосредното право за покренување на референдум каде што треба 150.000 луѓе да покренат референдум по некое прашање битно за државата, обично тоа е прашање против одлуките на постојната власт, обично тоа е тоа, бидејќи по нормален пат не може да се завршат тие работи, очекував дека тоа

право ќе се претвори во реално право. Што значи во реално право? Односно што значи тоа реално право? Едно е да каже да се анкетираат или да се покрене иницијатива од 150.000 луѓе а друго е тоа како да се направи. Тоа бара и трошоци, време и луѓе итн. Во таа смисла верував дека предлагачот на законот ќе помогне не само граѓаните да имаат право, туку да имаат и можност да го остваруваат правото. Во таа смисла мислам дека многу малку или ич не е направено.

Исто така,во смисла на тоа, бидејќи и тоа право, таа иницијатива обично се остварува кога затајуваат нормалните односи, нормалните институции, ова е како институција на непосредно одлучување на граѓаните, да се создаваат услови тој граѓанин таа иницијатива да ја покренува многу побезболно, без притисок на актуелната власт. Министерот тука што се пофали дека ова е многу модерно и во духот на Европа дека граѓанинот многу убаво ќе биде евидентиран од сите агли сниман и гледан, мислам дека тоа не е во придонес на остварувањето на непосредната демократија. Мислам дека тука самото донесување, самиот начин на донесување на овој закон, образложението на предлагачот на законот дека по кратка постапка треба да се донесе вели овој закон е многу мал по членови и брзо ќе го донесеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Димов, се извинувам што ве прекинувам, дајте за амандманот, сега расправаме за амандманот.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Да образложам, сигурно дека може да се образложи. Самиот начин, велиме дека овој краток закон е од 12,13 члена и вчера го добивме и ќе го сожвакаме. Луѓе, кога се работи за непосредните права на граѓаните нема краток закон. Ставете се вие овде кои сте во позиција

дека можеби оваа граѓанска иницијатива ќе ни биде потребна и вие да ја практикувате во наредниот период. Овој закон треба така да го гледаме. Затоа, ја сметам дека самата постапка на итно донесување веќе создава сомневање.

Понатаму, овде се слушнаа прилично добри и здрави аргументи од г-динот Стојановски, кои што од прилика најјакиот аргумент дека е во право беше со тоа што некој го направил металостругар, некој бетономешач.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дајте за амандманот ве молам.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Јас ве молам г-дине претседателе со тоа значеше дека и мене ме напаѓале можеби лош инженер и ме дисквалификуваат. Па, затоа, сакам да се одбранам од насртаите на г-динот Стојановски. Сметам дека она што тој го кажа дека не може да има преодни и завршни одредби во овој закон, затоа што претходно немало закон, нека ми прости г-динот Стојановски, имало одредби, во Уставот е регулирана таа материја. Според тоа, не да немало, имало во Уставот а ние сега што ја регулираме со закон што не било регулирано, така што и покрај тоа што сум обичен електроинженер дури и јас сфатив дека тоа не е така.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-.дин Исмет Рамадани, деловничка интервенција

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Гсоподине претседателе, дами и господа пратеници, сакам деловнички да укажам на нешто што мислам дека е потребно.

VII/8.-

Ако немаме доволно знаење да интерпретираме закон, односно одредба од законот или од Уставот, тогаш е подобро да не претеруваме со изрази кои навистина ниту се на теренот на правдата, односно на правното толкување и од тоа наше незнаење понатаму одиме уште повеќе навлегуваме во навреди, кои се и како категории уставни, мислам недозволени, посебно сакам да укажам на тоа дека тука имаше пратеници кои што нивното незнаење односно не знаеше за да интерпретираат некоја одредба употребуваат нешто што е некогаш разговарано на овој Парламент, па се изрекуваат со тоа дека, па така беше Илирида, па малцинства, па тоа беше на малцинства. На малцинствата и прават дури категоризација во негативен контекст на граѓаните во Република Македонија. Дали е така г-дине Трпеновски. Ве молам господине претседателе да интервенирате и тогаш кога се употребуваат неуставни категории за граѓаните на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи мојот предлог на почетокот на оваа седница не се прифати, еве ние ќе кажеме неколку наши размислувања по повод овој закон кој е на дневен ред...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само за амандманот г-дине Османи, ве молам.

**РУФИ ОСМАНИ:**

За амандманот. . .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, општата расправа ја завршивме, сега расправаме за амандманот на група пратеници од Либералната партија.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Значи, за амандманот. Јас ќе кажам одредено размислување и тоа се состои во следното.

Прво, ако малку водиме сметка за етиката, тогаш треба да признаеме дека би било многу почесно да ја оставевме оваа иницијатива која е во тек да заврши, па да го предложиме овој закон и со тоа автоматски сигурно ќе можеше и левиот блок да ги каже овие аргументи кои ги кажува, јас нема да навлезам во правната логика на тие аргументи кои овде се презентирани.

VIII/1 РД/НД

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Имено јас јавно ќе дадам комплимент на предлагачите на амандманот,бидејќи со еден амандман кој е составен од две реченици ја погодија сржта на проблемот од кој проблем е поттикнат и предлогот на овој закон. Значи пред се, целта на актуелната власт значи целта на амандманот е во тоа да се дерогира предлогот на актуелната власт преку спречување на оваа иницијатива која во суштина значи одземање на политичкиот легитимитет и легалитет на оваа власт да си овозможи таа иницијатива сходно на тие рамки кои постоеја да се заврши и сигурно резултатите на таа иницијатива ќе дојде од каде, пак пред овој Парламент и овој парламент ќе требаше да биде обврзан да гласа дали таа иницијатива ќе го даде на референдум, или нема да го даде. Значи во таа смисла лично мислам амандманот треба да се прифати, бидејќи ја погодува сржта на проблемот и никој нема право иницијатива која е во тек, која е граѓанска иницијатива, но јас ќе се спротивставам малку со професорот, но која се организира од политички субјекти. Значи мора некој да се претстави како политички организатор за да таа иницијатива го добие своето финале. Јас немам никакво искуство дека во Гостивар, каде исто така тече оваа иницијатива дека луѓето се приморуваат да кажеме под притисок, пресија да ги дадат своите потписи. Напротив, луѓето доброволно на тие места кои се определени одат и доброволно се изјаснуваат за оваа иницијатива.

Понатаму, во случајот само една мала дигресија. Кога се работи за иницијативата кога е во тек и референдумот кој е одржан до страна на албанците во Македонија за политичка и територијална автономија, тие во никој случај не можат да се споредат од едноставна причина што тој референдум е одржат во одредено време, а оваа иницијатива тече сега

во моментот и целта на овој закон се однесува токму на овој закон за иницијативата за собирање на 150-000 потписи. Не би сакал многу да должам само би рекол следното: Господа од левиот блок треба да се соочите еднаш за секогаш за вистината, а во моментот таа вистина е болна за вас и затоа го предлагате овој закон да ја оневозможите граѓанската иницијатива со која заедно сите овде ќе треба да излеземе на нови избори за да го провериме нашиот, односно легитимитетот политички на ова Собрание. Дајте тогаш со прифаќање на овој амандман да го овозможиме тоа и тек тогаш ќе добиеме политички легитимитет да продолжиме со владеењето во оваа држава.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, амандманот така како што е формулиран е од арсеналот на прашања кои треба со преодни и завршни одредби да се регулира. Меѓутоа, основно прашање кое на база на оваа иницијатива, како што некој велат е во тек или некој што велат завршена е да се одговори дали уставното начело, право на референдум, известување на граѓаните за покренување на прашања од уставен карактер преку непосредно изјаснување било право 1991 година. Јас ќе ви кажам дека овој закон навистина имаше потреба потполно да се разгледа и мислам дека ќе беше добро на Владата и ние пратениците се обидуваме за толку кратко време нешто паметно да кажеме ова да го направиме во редовна постапка. Јас сум убеден дека овој закон во правна смисла не може да биде издржан, бидејќи се употребуваат неуставни категории, уставно допуштено прецизно формулирано прашање. Тоа Уставот не го познава. Дава ингеренции на претседателот на Собранието кој ниту со Уставот ниту со Деловникот не му се одредени, упатува на комуникација со Владата преку претседателот на Владата до надлежниот министер итн. Работи кои што се и сега со голо око како што се вели непрецизни во таа смисла. Ништо немаше да чини ако ова одеше во една нормална процедура, а основно прашање е да се

одговори дали правото за покренување на референдум преку собирање на 150.00 0 потписи било право кое демократски во Република Македонија може да се оствари. И нормално оној кој ја покренал иницијативата тоа право ќе си го бара или во редовен суд, или преку Уставниот суд. Во таа смисла мислам дека поука би била од оваа расправа овој закон да се повлече и само ќе добие демократијата во Македонија ако на еден потемелен начин се уреди оваа област бидејќи ова не е за преку ноќ. Ние за многу работи зборуваме, но основно политичко искуство на изборите во светот е токму тоа. Не е тоа нарушуваше на приватноста и така натаму. Тоа секаде е така. Секаде кандидатите се претставуваат. Немојте од граѓаните да правиме непријатели на системот, тоа е најлошиот пристап што можеме да го направиме. Ние расправаме за една процедурална активност која треба да се направи во функција на остварување на едно легитимно право. Ништо повеќе. Не е ова дефинитивна одлука кон некое прашање или предлог закон, или измена на устав. Према тоа мислам дека ако се држиме до тие категории можеме посолиден закон да изготвиме. Вака сме затечени и мислам дека со тоа само ги иритира односите и политички воопшто во Републиката.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги министри, јас нема да гласам за предложениот амандман од следните причини. Покренатата иницијатива јас не знам дека е покрената во изборната единица во која сум избран, тврдам дека ниеден нема потпишано и јас не знам дека постои таква иницијатива во изборната единица. Меѓутоа, знам што се одвива во Куманово. И сакам да кажам дека нема никакво стопирање на граѓанска иницијатива, туку овој закон дава можност да се избегнат недоразбирањата што сега ги имаме околу тоа дали навистина потпиша еден или потпишаа пет, елен за пет. Дали навистина се дадени прави

потписи или ќе ги најдете и вашите лични карти во списоците. Давам можност да избегнеме да направиме недоверба меѓу граѓаните. Мораме да ја избегнеме таа недоверба бидејќи и комшии и соседите добри почнуваат да не веруваат дека оваа иницијатива е во ред и дека некој потпишал или не потпишал. Јас од таа причина предлагам законот да биде донесен, а амандманот да биде одбиен бидејќи во овие иницијативи, ако почнеме да зборуваме за етика и за односите морам да кажам дека имав овие денови на- вистина многу забелешки и тоа не политички од политичка партија, туку искажани јавно на телевизија. Приватна телевизија која се претставува како независна на која водителот е зависен, поранешен пратеник, значи политички определен кој води емисија за правна помош и во контакната емисија кога граѓаните бараат да се одредат места за да не дојде до овие работи што ги имаме, знаете ли што им одговорив. Значи ти бараш потписот да го дадеш во државна безбедност. Преку цела телевизија. Кога граѓанинот прашува што чини ова во истата телевизија овој одговара. Ова ништо не чини. И вели изборите ќе бидат со локалните избори. Меѓутоа, не сака да објасни, туку манипулира, сигурно му одговара, не преку политичка партија, преку јавноста, преку телевизија, манипулира со јавноста дека претходно треба да има референдум и дека ова не се избори.

Јас мислам една работа дека мора да направиме сигурност на нашите граѓани. Мора да направиме сигурност на нашите граѓани и не можеме да бидеме ние сите овде сигурни дека оваа иницијатива течеше во оној исправен ред законски како треба. Никој не бега од иницијативата на граѓани, никој не ја стопира. По донесување на Законот, ако овие политички партии се силни и имаат свое членство, имаат свои симпатизери за 15 или за 3 месеци колку законот дава да ги соберат потписите и еве го референдумот. Но, тоа пак не значи избори како што

сега зборуваат дека ќе бидат избори. За избори еве шанса локалните избори па ќе видиме или па шанса да се распуштиме, па тогаш и не мора да се залагаме за овој амандман.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ;**

Очигледно во цел закон и сите амандмани кои беа дадени за овој закон по овој амандман кој се содржи од десетина збора се расправа веќе цел час, очигледно дека тежината на овој амандман е во тежината на проблемот со кој се сака со овој закон да се евентуално званично реши или да се прикрие. Жалам што од оваа говорница беа кажани некои работи во смисла на тоа дека не се знае дека воопшто се имало некоја акција за собирање потписи, дека нема ништо од тоа, очигледно дека ние со тоа докажуваат дека многу слабо контактираат со базата и слабо се движат меѓу своите граѓани.

Второ, исто така тука беше кажано дека како образложение за не прифаќање на овој амандман и тоа дека наводно таа акција што сега тече е незаконска или пак со присилни средства се собирани потписи, па дури дека луѓето се плашеле кога ќе и заѕвонат на врата. Мораме да бидеме малку пореални и попрагматични, да сфатиме дека моментално граѓаните најмногу се плашат кога ќе им заѕвони инкасантот на врата, затоа што со овие давачки со кои се борат и ги наметнуваме, на граѓаните не им останува ништо друго освен страв од тоа, така да импутирањето за некои застрашувања навистина не држи. Мене друго ме копка во сето ова, бидејќи материјалот кој сите ние го добивме, а тоа е на првата страница, заедно со Предлогот од Владата, попратното писмо има и печат од Собранието кога е примен материјалот. Ве молам на печатот ќе видите 26 март во 13,46 часот. Кога ние почнавме да расправаме по оваа седница и кога овој закон го ставивме на дневен ред

немаше ни поминато 48 часа од влегувањето на овој закон во собраниска процедура. Така да веројатно имаме ретка прилика денеска да расправаме за закон кој има најкраток собраниски стаж. Веројатно ќе собориме некој рекорд. Мене ме буни која е таа итност, која е таа желба нешто итно да се реши од некој витален значај за државата, бидејќи да бидам искрен од досегашните искажувања од сите залагачи на овој закон за овој закон не добив убедување дека навистина се работи за нешто итно, освен ако не е суштината токму во овој амандман. Ако не се сака нешто да се спречи. Бидејќи навистина закон кој ние денеска го најдовме на овие клупи и кој во собраниска процедура влезе пред 40 часа, навистина нема логика наеднаш да се решава и да се размислува. Уште повеќе кога и од предлагачите на законот слушнавме дека ете веројатно во процедура биле и други иницијативи, мимо ова што сега ја спомнуваме, па тогаш ме интересира зошто Владата не седнала досега овој закон да ни го продолжи и нормално во една редовна процедура а не во вонредна процедура. Ме чуди и заплашеноста евентуално кое ја гледам кај одредени говорници, спротивставувајќи се на овој амандман, бидејќи на крајот на краиштата што е толку страшно ако има и референдум. Во принцип не е страшно ништо. Според тоа, зошто би било проблем евентуално овој амандман да влезе како составен дел на законот. Со тоа само ќе кажеме дека ние сите овдека заедно ќе го извршиме она за кое се декларираме, односно ќе дадеме шанса и граѓаните да учествуваат активно во разрешувањето на одредени проблеми во оваа држава. Едноставно сите ангажмани кои сега ги видов од едната страна за не прифаќање на овој амандман, само јасно ја потенцираат желбата за итно решавање на некои проблеми кои така ги гледаат веројатно. Јас така не гледам, не гледам проблеми затоа што некој не собрал потписи. Се додека не добијам одговор од предлагачите со кои јасно ќе ми се образложи зошто толкава итност за донесување на

овој закон, зошто во рок од 40 часа мора да се донесе законот. Јас цврсто стојам зад идејата дека овој амандман кој сега се предлага треба да биде составен дел на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа го решивме на почетокот.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Јас се извинувам што по втор пат се јавувам, меѓутоа сметам дека во мојата дискусија за ниеден колега пратеник не кажав ништо лошо. Ниту дека дискутирал лошо, ниту дека издал некој податоци неточни, што ми налага мојата култура. Ако некој мисли дека не одел меѓу бирачи неговата култура нека му дозволи да ги посети моите бирачи.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа, сметам дека амандманот даден на Законот за граѓанска иницијатива за прибирање на потписи за референдум е оправдан, издржан и треба да влезе како составен дел на амандманот на законот, од причини што секој закон има завршни и преодни одредби. Во преодните одредби треба да стои, започнатите иницијативи конкретно се работи за иницијатива за прибирање на потписи за референдум за нови избори е започната. Тие работи има да се завршат по законите кои што се присутни до денеска. А за натаму другите иницијативи кои ќе бидат, сигурно по новиот закон кој што ќе важи. Не би сакал многу да образложувам, но би сакал да речам што ги натерува граѓаните да поднесуваат вакви иницијативи. Сигурно дека имаат некоја тешкотија. Сигурно дека има некој што не ги согледува тие тешкотии на време и не предвидел дека таквите ќе бидат разрешувани во наредниот период. На првите парламентарни избори граѓаните беа уверени дека ќе се решат состојбите подобро. Меѓутоа, не успеавме во

првите четири години од познати причини. Создававме држава, имавме референдум, имавме избори, имавме и доста тешкотии. На вторите избори тие повторно дадоа доверба и рекоа сега ќе бидат разрешени стопанските иницијативи, стопанските проблеми, ќе им се овозможи подобра иднина на граѓаните. Меѓутоа, ако погледнеме пред 15 месеци колку имаме стечајни работници, колку имаме работници што имаат ниски лични примања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дајте зборувајте за амандманот. Немојте за економската политика.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Да ви ги кажам причините зошто е амандманот. Амандманот е токму заради тоа што граѓаните имаат некоја тешкотија. Треба Владата,Парламентот да ги направат сите напори да ги разрешат тие проблеми.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Додека дојде до референдум, односно на ново Собрание треба на дел по дел проблемите да се решат. Па сигурно, ако имаме некоја програма за нашата иднина како би изгледала и тоа со рокови, јас верувам дека иницијатива ќе немаше за нови избори. Иницијативата е затоа што немаме програма, затоа што од ден на ден ги ставаме организациите што ги викаме општествени во се потешка и потешка состојба да не работат, а работниците на улица. Заради тоа е оваквата иницијатива.

Па, јас би рекол, дајте, добро, ќе скратам, дајте да се внесе во Законот дека започнатите работи да се завршат по старите закони, а тоа имено започнатата иницијатива да се доврши, а за новите иницијативи по овој закон денеска што ќе го донесеме.

Јас не би можел да гласам за законот, ако не се внесе ваквата одредба. Од тие причини што еве, на некој начин, можеби не ми е дозволено да ги искажам тие причини за кои причини се бара референдум да се донесе...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, за тоа ќе дискутираме...

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Со тоа сакам, господине претседателе, ве молам, ништо не сум ве навредил, ништо не сум опоменал, дозволете ми, пак немојте. . .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ама, ве молам господине Паунов...

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

... немојте така, јас сум се скратил, дајте да се договориме...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам што ве прекинувам, за економските проблеми ќе расправаме...

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

... да се договориме, дајте за проблемите...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Па, не е тоа на дневен ред, ве молам.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Дајте, за проблемите на стопанството, да ги разрешуваме, иницијативите ќе отпаднат, ќе немаме иницијативи за нови избори, за други. Ќе ги потргнат ако ја гледаат иднината подобра.

Гледате што направивме! Во светот не можеме да отидеме. Ни бараат визи. Визите не ги даваат...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам господине Паунов...

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

... ништо не сака да превземе. Сето ова е товар на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам тоа е тема за која ќе расправаме.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Добро, јас ќе прекинам господине претседателе. Вие знаете, расправано е, ама денеска, од ова произлегуваат ваквите работи.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво, сакам да нагласам на пратеникот Руфи Османи дека не беше точна изјавата каде што кажа дека Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150 илјади бирачи. Тоа значи дека не е потребно донесување на одлука. Ако се соберат 150 илјади потписи, тогаш е задолжително распишување на референдум.

Ако го погледнете амандманот, да го прочитате, "Одредбите на овој закон не се применуваат за граѓанските иницијативи чија реализација е во тек". Тоа значи, покрај непрецизноста на амандманот, затоа што не се повикува на ниту еден член од позитивен законски пропис што важи во РМ и од кој законски пропис произлегуваат тие овластувања за покренување на таква постапка, амандманот го прави паушален и непрецизен од една страна. Правнички ја руши законитоста и уставноста во земјата, од друга страна. Од трета страна амандманот сака да легализира постапка што е надвор од законите и недефинирана со овој закон, да му даде правен континуитет. Мислам дека со ниту еден закон во ниту една земја тоа не е дозволено. Ако нешто било надвор од законот вие сега донесувате закон да го прифатите тоа како законитост. Тогаш ние сами ќе ја срушиме законитоста и уставноста во земјата.

Од тие причини сметам дека таквиот амандман не може да биде прифатен и да легализира нешто што било надвор од позитивните законски прописи во Републиката. Оттука сметам дека тој амандман не треба да се прифати.

Основната поента на законот да ја уреди строгоформалната процедура на спроведување на таа постапка не ја прифаќам и не ги прифаќам дискусиите каде што се кажува дека може секој да собира каде што сака потписи и ние тоа да го легализираме. Тоа е спротивно на членот 25 од Уставот, каде што се кажува - На секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста, неговиот личен семеен живот, достоинство и углед. И, членот 26 од Уставот каде што кажува - се гарантира неповредливоста на домот. Тоа никој не може секој граѓанин да го натера и да го прашува дали тој сака да гласа или не. Во таа легална процедура граѓанинот сам, по сопствена иницијатива ќе отиде на тоа место, на таа легална процедура да го даде својот глас за покренување на таа иницијатива. Тоа е основната поента на законот што сака да ја постигне. За да ги заштити уставните постулати што ги гарантира на секој граѓанин во нашата земја.

Оттука сметам дека легализирањето на таквата состојба што не е дефинирана со ниту еден позитивен законски пропис, сега, во завршните одредби да се прифати како законито, мислам дека е надвор од сето позитивно законодавство што е согласно на Уставот и законите.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 12-а, поднесен од пратениците Аце Коцевски, Слободан Даневски, Владимир Станковски и Ристо Николовски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (53 пратеници).

Дали има некој против? (15 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за постапката за собирање потписи на избирачи за предлагање, донесување на закон, за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Минуваме на **точката 2** - Предлог за донесување на кривичен законик.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Масев.

**РИСТО МАСЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Сметам дека е неспорна потребата од донесување на кривичниот законик.

Со вака предложениот кривичен законик се кодифицира материјата на позитивното кривично право, досега содржано во два закони

а воедно се врши усогласување на казненото право со извршените промени во економскиот и политичкиот систем, при што со овака предложениот кривичен законик се ослободуваме од остатоците на идеологизираното и инструментирано право.

Сметам дека на земја во транзиција, каква што е нашата, не би требало да и се случи запоставување на барањата за реформа на казненото право, затоа што во позитивното казнено право, наследено од еден друг систем на општествено - економски и политички односи станува сериозна кочница за побрзано одвивање на општествените промени.

Со еден збор, конституирањето на современа демократска и правна држава не може да го одмине прашањето на конципирање на казненото право.

Во предложениот кривичен законик за поздравување е исфрлањето на одредбата на член 46 од стариот Кривичен закон, односно одредбата за поострување на казната во случај на повеќекратен поврат. За разлика од повратот што претставува факултативно отежнувачка околност, повеќекратниот поврат во стариот закон беше регулирано како факултативно поострувачка околност, при што сметам дека новото решение во член 39 од предложениот кривичен законик со кој што се регулира казната за сторен поврат сосема одговара на потребите на денешното казнено право.

Прифаќањето на основните правни начела и тоа законитоста, односно начелото дека никој не може да биде казнет и да му биде изречена казна или друга кривична санкција за дело што пред да е сторено не било со закон определено како кривично дело и за кое што не била пропишана казна, потоа начелото за ретроактивно дејство на казнените закони, односно за задолжителна примена на поблаг кривичен

закон, со кое начело всушност се оневозможува загрозување на правата и слободите на граѓаните од страна на самиот законодавец, дадени како решение во член 4 од Предлогот на кривичниот законик, како и начелото на еднаквост на граѓаните пред законот, го прават вака предложениот кривичен законик демократски и во склад со настанатите општествени промени.

Општиот дел на Кривичниот законик, отфрлање на мерката за безбедност, забрана на јавно истапување, кое постоеше во Кривичниот закон, стариот Кривичен закон во член 167, како злоупотреба на јавно истапување заради извршување на кривично дело е целосно оправдано и во согласност со член 16 од Уставот на Република Македонија. Таму се гарантира слобода на говорот и јавниот настап. Исфрлувањето на оваа мерка за безбедност е позитивно решение во Предлогот на кривичниот законик зашто забраната за јавно истапување претставуваше атак врз слободата на говорот. Со неа се спречуваше човекот да ги искаже своите идеи и да се бори за вистината што ја смета единствено исправна. Затоа сметам дека е за поздравување што забраната на јавно истапување веќе не фигурира во Предлогот на кривичниот законик.

Во врска со предвидените казнени рамки во Предлогот на кривичниот законик мислам дека зголемувањето на општиот максимум од 15 на 30 дена, како и задолжително вклучување на парична казна кога е пропишана казна затвор до 3 години без назначување на најмалата мера, како и пропишување на доживотниот затвор како алтернативна казна за најтешките форми на кривични дела претставува мошне значајна корекција на системот на пропишаните казни.

Во последниот дел од Кривичниот законик,од неколкуте измени во делата против животот и телото, најзначајно е издвојувањето на привилегираното убиство извршено на изрично и сериозно барање на

убиениот и по други особено олеснителни околности, со која што одредба сметам дека нашето казнено право се доближува до се поголем број на казнени законодавства, а со која одредба на некој начин се решава проблемот на еутаназијата и други блиски на неа ситуации.

Нова и за поздравување е одредбата од член 150 став 1 и 2 од Предлогот на кривичниот законик, која што одредба на некој начин претставува и одговор на се поактуелната и помасовна појава на компјутерски криминалитет, како и делото на повреда на авторското право од член 158 од предложениот кривичен законик, како инкриминација која ги штити елементарното право на човекот да ги ужива плодовите од авторството и неговиот труд, што имаат личен авторски печат.

За поддржување се и делата предвидени во овој Предлог на кривичен законик што се однесуваат на делата против изборите и гласањето, новите предвидени казнени дела против бракот, семејството и младината, делата против околината, како делото - загрозување на околината со отпадни и нуклеарни материи, што се вклопува во постојаните напори за еколошко чиста средина на живеење, како и делата против човечноста и меѓународното право, како што е делото пиратство во член 427 од предложениот кривичен законик. Од друга страна тоа значи исполнување на обврските од меѓународните конвенции, со кои што воздушното и поморско пиратство се прогласуваат за меѓународно злосторство.

Меѓутоа, за мене секако ќе остане спорно името на предложениот кривичен законик. Дали не е посоодветно насловот на предложениот закон да биде Казнен законик пред се поради тоа што овој кривичен законик ги определува казнените дела, како и казните за тие дела. Поаѓајќи од фактот дека и Уставот на Република Македонија во член 13

го употребува изразот "казниво дело" и наоѓајќи дека по инерција на правото од стариот режим го употребуваме изразот "кривично право" и најмногу од фактот што овој закон регулира казна за извршување или пропуштање извршување на дејствие може посоодветен би бил насловот "казнено право", односно "казнен законик" за што сметам дека предлагачот на законот во наредната фаза на изготвување на законот треба добро да размисли.

Тема за размислување во наредната фаза би требало да биде и воведување смртна казна, иако Уставот тоа го ограничува. Односно, дали предложената казна доживотен затвор не создава ситуација со која, со други зборови криминалитетот се исплатува, а тоа барем го покажува примерот со неколку тешки па и платени убиства, затоа што сметам дека нема поголема опасност за едно општество од тоа криминалитетот да започне да се набљудува како и секој друг бизнис, затоа што се исплатува.

Ова, од причини што и казната доживотен затвор може да биде заменета, поради уважување на ресоцијализирачката цел на казната, а тоа е можноста со предложениот кривичен законик осудениот на доживотен затвор да биде условно отпуштен, но не пред да издржи најмалку 15 години затвор.

Во последниот дел, во главата за кривични дела против слободите и правата, сметам дека е потребно да се изврши одредена корекција на членот 154 при што е потребно да се прецизира одредбата од член 154 од предложениот Кривичен законик, односно делото спречување на друг да го искористи своето право на поднесување жалба или друго правно средство, сметам дека треба да се дополни и допрецизира субјектот што го врши тоа дело, а од друга страна сметам дека драстично треба да се поостри казната за таквите дела, пред се поради тоа што таквото дело

најчесто се прави со намера и умисла, а и поради тоа што почесто се случува. Ваквата злоупотреба од страна на одредени субјекти, а најчесто службени лица.

Одредени корекции треба да претрпат и членот 279 - криумчарење и членот 280 - даночно затајување. Пред се во однос на изрекување на висина на казните поради тоа што нелогично е за криумчарење стока преку царинската линија и пренесување стока од поголема вредност се предвидува прво парична казна или казна затвор до три години, а за даночното утајување од поголема вредност да се предвиди прво и задолжително казна затвор до три години и тоа кумулативно со паричната казна.

Сметам дека е неопходно да се направи корекција на висината на казните затоа што кривичното дело - криумчарење преку царинска линија, згора на тоа на стоки од поголема вредност, можеби претставува поголемо и поопасно кривично дело, паѓајќи од фактот дека, при тоа, може да се избегне плаќање на даноци, акцизи, плевелмани и царина, за што сметам дека треба, во секој случај, да биде запретена многу построга казна од даденото решение во предложениот Кривичен законик, а при тоа, во наредната фаза на изготвување на законот, предлагачот треба добро да размисли за изразите "поголема вредност" и "значителна вредност", односно "значителен износ" затоа што за некои поголема вредност е и сума од 10 илјади денари а за друг е мала вредност.

Оттука сметам дека ваквите изрази треба да се допрецизираат и да се утврдат критериуми за поголема вредност и значителен износ. Инаку, сметам дека ќе се остави можност за манипулирање на субјектите кои таквите вредности ќе ги оценуваат.

Воопшто, сметам дека сите одредби во посебниот дел на Кривичниот законик што се однесуваат на висината на казната, предлагачот на законот во наредната фаза треба добро да ги проанализира како би можел да предложи што поправичен кривичен законик.

Инаку, сметам дека предложениот Кривичен законик, односно решенијата што ги нуди се инспирирани од постулатите на правна држава и идејата на правдата како основна цел на правото. При тоа, предложениот Кривичен законик, како Предлог за донесување е во согласност со Уставот и другите прописи, го надградува правниот систем и затоа предлагам да се усвои Предлогот за донесување на кривичен законик, а Владата на Република Македонија, имајќи ги предвид наведените забелешки и сугестии и укажувања на оваа седница, како и на седниците и расправите по комисиите, во што пократок рок да ни понуди и изготви Предлог на кривичен законик.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Биљали има збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор пратеникот Месел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Дами н господо, ние сме во фаза на крупни реформи, општествени реформи и секако на секаде крупните општествени реформи биле следени со радикални промени на уставно - правниот поредок, на Уставно - правниот систем, а во тие рамки и на кривично правниот систем односно законодавството. Тоа од причини што се појавуваат нови односи и нов систем на вредности, кој треба да биде заштитен од кривичното право. Популарно речено дека владеачката гарнитура донесува одредени закони, соодветни на сопствената генерална политика и генерална определба. Овие радикални измени во односите детерминираат и радикални реформи во законодавството, а во тие рамки и во кривичното законодавство и тоа како во материјалното законодавство, односно регулатива, исто така и во процесната регулатива. Поинаку не е можно да се инаугурира нов либерален концепт на човековите права и слободи и нова релација помеѓу државата и граѓанинот. Реформите во кривичното законодавство не би требало а се проследат само со иновации во сферата на предвидувањето на кривични дела, туку напротив, тоа треба да има многу пошироко значење.

Прво, со промените треба да се постави рационален и ефикасен казнено правен систем во сузбивањето на криминалитетот.

Второ, промените треба да резултираат со ефикасна заштита на правата и слободите на човекот и граѓанинот.

Трето, сообразувањето на нашето казнено право со Европските стандарди и тоа како по казнено - правните институти, така и во однос на одделни инкриминации.

Оттука, се поставува прашањето дали понудениот текст во Предлогот може да ги задоволи овие стандарди според мене, одговорот е да. Аргументите за таа констатација се следните:

Прво, со овој концепт се напушта материјалната дефиниција на кривично дело како опасно општествено дело. Во однос на ова што го кажав, тоа е во рамките на тоа дека сепак се овозможува една реална ситуација каде ќе има елиминирање на можноста идеологијата да се замеша во кривичното право или кривичното гонење.

Второ, целта на казнувањето не е само гола репресија и одмазда, туку целта на казнувањето е превенцијата кај другите да не направат кривични дела, а исто така и воспитанието на казненото лице

Трето, рехабилитацијата има нова содржина и таа не е само формална констатација, туку едноставно има за цел реалната и социјалната интеграција на казненото лице.

Четврто, е исфрлување на мерката забрана на јавно истапување итн.

Ова се глобално мои констатации во однос на предложениот текст, меѓутоа, јас ќе се задржам на одредени мои конкретни забелешки во врска со некои кривични дела, односно кај кривичното дело забрана на повреда на рамноправноста, односно се работи за членот 138 кој забранува секаков вид на дискриминација врз основа на раса, пол, јазик, општествена положба итн. се додава исто така дека се забранува и давање на одделни погодности. Тука сметам дека работите треба до крај да се допрецизираат, затоа што ние сме сведоци на една нова регулатива во западниот свет, односно таква регулатива каде законодавецот за одделни цели им дава погодности на одделни групи и заедници, се со цел да се оствари една реална рамноправност. Затоа, сметам дека тука би требало да се изнајде некое подобро решение и допрецизирање.

Х/3.-

Второ, членот 219 кој се однесува на загадувањето на околината, се цитира дека тој што ќе ја загади водата, воздухот, почвата итн. ќе се казни како што е предвидено во законот, меѓутоа, постојат и одделни термини кои водат до непрецизности и водат кон волунтаризми при изречувањето на казната. На пример, зборовите "поголем обем" што не може во правото да се смета како дефинирано, потоа зборовите "поголеми размери", потоа "значително ја надминуваат дозволената граница". Сметам дека овие зборови треба да отпаднат од причина што реално сега постојат професионални и стручни институции кои ги стандардизираат овие прашања и затоа не би требало ваква аномалија да стои од овој аспект.

Потоа членот 309 кај загрозувањето на независноста, тука се кажува дека ќе се казни граѓанинот кој Република Македонија ќе ја доведе до потчинетост и зависност. Искрено да кажам, не ми е јасно како е, дали е во позиција објективно граѓанинот како граѓанин да стори такво нешто. Напротив, сметам дека тоа е единствено можно од страна на претставник на државната институција и затоа сметам дека овој член или да се избрише или да се допрецизира.

Потоа членот 321 каде се наведува дека тој што кршејќи ги правилата на меѓународното право ќе навлезе на територијата на Република Македонија ќе се казни од една до 10 години. Сметам дека тука казната е преголема од причина што ние живееме во еден свет каде реално постојат големи економски и социјални проблеми и одделни граѓани за тие маки се принудени, понекогаш, и границите без патна исправа да ги поминат, а фактички ги очекува таква драстична казна. Мораме да бидеме самокритични да признаеме дека реално и наши граѓани од Република Македонија се принудени во некои земји на таков начин да ја поминат границата.

И на крајот членот 390 став 1 кој се однесува на насилството и се наведуваат зборовите "насилство каде на јавноста ќе се предизвикува чувство на несигурност, загрозување и страв", мислам дека овие поими исто така не би требало да стојат во законот, затоа што сепак мислам дека можат сосема лесно да преземат идеолошка боја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Године претседателе, г-дине министре, почитувани колеги, знам дека нема атмосфера за некоја дискусија која го стимулира и оној што зборува а не само оној што слуша, но сепак изготвив еден текст со одредени мислења кои сакав да ги споделам овде со вас, а по можност, бидејќи е предлог за донесување на закони евентуално нешто да се подобри, а ако не тоа, барем да го провоцирам вашето размислување за некои прашања што ги сметам за многу важни од областа на оваа сфера за која денес зборуваме.

Прво, сакам да кажам дека Кривичниот законик како предлог за донесување е сериозен и современ приод по мое мислење кон казнената политика за инкриминирани и недозволени дејствија и по начинот на нивната идентификација, нивната класификација и по одмерувањето на казните со разноврсноста, модалитетите, по видови и по нивната висина.

Законикот има особена вредност што во општиот дел на општ начин ги дефинира и го толкува кривичното дело и казните, воспитните мерки, како и правните состојби како што се правните последици на казната и на осудата, рехабилитација, амнестијата, помилувањето и слично.

Исто така, уште понагласено треба да се каже и за посебниот дел на законот кој во целата своевитост претставува своевиден кодекс на сите или речиси на сите можни видови на казниви работи и дејствија

со законска насоченост за висината и видовите на казните. Сакам да подвлечам дека е хумана и целосно во согласност со Уставот забраната на малтретирањето и тортурата на осомничените и осудениците, предвидена во членот 143 и 144 од Законот. Познато е дека овој однос кон обвинетиот и казнетиот покажува од една страна цивилизираност на правниот и репресивниот поредок во секоја земја, како и способност и стручност на истражниот и секој друг државен орган, вистината да ја открие без политичко и психичко мачење на осомничените и осудените.

Патем би укажал и на некои поконкретни работи и би дал некои сугестии за одредени позиции во Посебниот дел на законикот.

Прво, заштитата, неповредливоста на станот, тајноста на писмата, забраната на прислушувањето и сл., во овој ред на нештата, уредени со членовите 146, 148 и 152 и други, се предвидуваат важни правни гаранции за заштита на интегритетот на личноста и семејството. Меѓутоа, бидејќи во секој член се нагласува дека, ако тоа се врши неовластено, по моја оценка, има потреба, дури мислам дека е нужно во законот да се дефинира односно одреди поимот овластеност, а тоа значи дека во законот мора да се каже дека таквите овластувања ги два само судот.

Второ, ценам дека во кривичните одредби сврзани со работните односи доста е фрагментарен и недоречен членот 172 кога се работи за правото на управување со правното лице. Особено недостасува санкционирањето на правото за управување и одлучување во работните организации, мислам на претпријатијата како атрибут на економскиот систем односно во смисла на член 53 на Уставот, според кој и трудот е основа за управување и учество во одлучувањето во стопанскиот систем. Со посебна одредба по мое мислење треба да се искриминира спречувањето во управувањето и одлучувањето со јавните установи и служби.

Х/б.-

Трето, точка 1 од член 159 во делот за половата слобода и половиот морал мене ме зачудува одредбата која гласи: "Тој што врши обљуба" односно мислам дека тоа исто важи родоскравење "на крвен сродник од прва линија", тоа значи брат или сестра, "да се казни со парична казна или казна затвор до една година". Во овој вид тежок деликт паричната казна мислам дека сама по себе е неприфатлива и има спротивни ефекти кај култот и моралниот дигнитет на нашето семејство, мислам на сите наши семејства. А казна само до една а не од една година затвор по мое мислење е преблага за таков голем семеен и социјален деликт.

Четврто, за делата особено тешки по околината како што е свесно загадување на водата за пиење со тешки последици до епидемии, поседување, растурување и пренесување на нуклеарни и други радио-активни материи, оштетување и рушење на брани и сл., пропишани со членот 220, 232, 233 и некои други треба да се преоцени висината на почетната казна бидејќи за такви дела казна од шест месеци затвор како почетна мислам дека е ниска и дека не ја постигнува саканата цел, а тоа значи да се одбегнуваат такви работи, да застрашува, а пред се да врши заштитна функција во општеството.

Петто, би зел слобода да сугерирам подготвувачите на предлогот на кривичниот законик, до неговото подготвување како предлог, уште еднаш да ги преоценат распомите на казните. Имено, за многу деликти е предвиден распон на казна од 1 спрема 10. На пр. од шест месеци до пет години или од една до десет години. Иако треба да се верува во објективноста на судиското уверување, чинам дека преголемите распони ја оптоваруваат совеста на судијата и создаваат преголем маневарски простор за одбраната, вештачењето, па и за самиот процес на судење и донесување на пресуда. Тоа мислам дека важи и за распонот помеѓу 15 години затвор и доживотен затвор.

X/7.-

Сепак ценам дека во законот, најделикатен по мое мислење, недоволно оформен и кој недоволно ја одразува реалноста криминолопжа наша состојба во земјата денес се деловите на законот кои се однесуваат на кривични дела против имотот, глава 23 и кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, глава 25. Иако во овој дел се инкриминирани проблемите на грабежот на туѓиот имот, неговото прикривање, одземање, оштетување, измамите со цел на против правна имотна корист, лажните стечаи, злоупотребата при поранувањата што се вршат во книговодството, потоа, фалсификувањата на парите, криумчарењето на стока преку граници, даночно затајување и други манипулации во стоковниот и монетарниот промет, сето тоа се кривични дејствија кои обикновено се санкционираат во стабилни, стопански и монетарни финансиски односи во веќе укоданиот капитализам или што би рекле ние пазарно стопанство. Меѓутоа, дозволете ние како и сите други поранешни социјалистички земји имаме нови криминални појави во стопанството и прометот кои се вистина редовна појава на транзицијата, но во никој случај не можат да се сметаат како законски и легални.

X//1 JJ/ЛБ

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (продолжение)

Напротив, од степенот на законитоста и правниот трансфер мислам на транзицијата особено на стопанските односи од еден во друг систем ќе зависи дали новосоздадениот систем навистина ќе се засновува врз права и право и современите етички вредности или ќе клизнеме во некои мафијашки води во кои се е дозволено, само ако се има полза односно ако е во полза на некој поединец и одредени групи.

Клучен транзиционен проблем е начинот на трансферот на трансформацијата на општествениот односно државниот имот, државната сопственост во приватната. Сите видови на свесно и организирано обезвреднување е функционализирање на овој имот, мора да се смета противзаконска работа. И затоа, тоа нешто мора да најде место во овој закон. Не може да се прифати како легално и правно и праведно екипите ш?о ги довеле претпријатијата до просјачки стап да бидат носители на програми за нивната трансформација и за нивниот излез од кризата. Најголемиот дел на процени на вредноста на објектите од општествена сопственост не се реални: Тоа е очигледно. Тие се премногу ниски. Тие се воглавно проценки на идните купувачи, а не на независни и неутрални експерти. Дури и кога тоа е така , експертите нив ги ценат под притисок на групите што ги предлагаат програмите, се намалува од страна на други чинители.

Ова се' само некои, според мене, битни сегменти што се основа за многубројни противправни акти, кои што се протегаат до монетарната, кредитната, царинската и даночната сфера и во кои се појавуваат нови криминални дејства, за кои што се има впечаток дека државните органи не се во состојба да ги следат и инкриминираат. Ова тврдење особено добива во значење и со тврдењето во образложението на законот, стр. 11 дека во фазата на транзицијата се поставувало прашањето за самата

дефиниција на криминалитетот. Се тврди цитирам "мораме најпрвин да го разграничиме што е криминал, а што е допуштено во самата транзиција, што е штетно од денешна перспектива и од аспект на поблиска иднина". Исто така_ се тврди дека се менува квалитетот на имотниот криминалитет што бара нови казнено правни норми. Чинам дека споменатите констатации се премногу слободно дадени. Се менува тежиштето на криминалитетот, како и нивните дејствија, а природата, содржината на криминалот од правен аспект останува ист. За казнено правниот систем не е битно дали е присвоен јавен или приватен имот, дали тоа го сторило физичко или правно лице, битно е секој да ја докаже изворноста на својот имот, неговата легалност и за својата имовина и за својата соработка да ги плати со закон предвидените давачки. Секое одбегнување од ова, а ова е масовна појава, бар мене ми се чини, значи дека стекнатиот имот нема легалитет и тој подлежи под пресија.

Според тоа^ за овој дел од законот се поставуваат неколку прашања, па би молел министерот или стручната група, која работи на тоа да посветат уште малку внимание, само на кратко да ги набројам на овие прашања.

Прво, се поставува прашањето на правната валидност на т.н. приватизација со законите на Анте Марковиќ. Таа приватизација, како што знаете се движи некаде од 40-70%, според извештаите што ги добиваме од факсовите. А јас досега и како бивш пратеник односно делегат во сојузното собрание, немам засега пишани и на увид да кажам убедливи докази дека таа законска регулатива е законски извршена. Напротив, многу докази укажуваат дека таа законска регулатива е фиктивно спроведена во најголемиот дел во стопанските организации- Ако е така, тогаш кој дел и на каков начин тоа ќе се утврди и како ќе се дојде до тоа да се стават во казнено правна рамка.

Второ, кој модел на приватизација преовладува денеска кај нас, масовното менажерство, работничкото менажерство или екипното менажерство. Ако е точно дека преовладува, како што читам некои податоци сега во последно време," дека во 80-90% се работи за работничко менажерство, тогаш дајте тоа со докази на претпријатија со име и презиме да се каже, затоа што општ впечаток е дека и дури тоа предоминира, а општиот впечаток не е утврден, подвлекувам дека преовладува екипното менажерство и дека во главно преовладуваат дури и сегменти на вреднување на проектите според предлагачите, а не според економската ефикасност на самите проекти.

Трето, каква е процената за реалната вредност на капиталот што се става на лицитација на. приватизација. Општа е проценката дека, како што реков и порано дека таа литицитација не е доволно односно тоа вреднување на капиталот не е квалификувано вршено, не е вршено од на заинтересирани и објективни чинители, туку пред се таа е вршена од екипи односно групи кои што биле заинтересирани за негова приватизација.

Четврто, како се следат и дали постои посебен механизам таканаречената појава, во која што јас не верувам, но бидејќи многу се зборува за неа, а таа може и јавно да се демантира за прекуноќно богатење, огромно богатење на поединци и групи кои што најмногу работат со криумчарена стока со што се врши и нелојален допинг внатре во земјата, бидејќи таа е и од изворот криумчарена и внатре во земјата криумчарена, па е создадена една можност, така да кажам на баснословно и прекуноќно богатење на луѓето.

Морам да кажам дека ова посебно, мислам, имам впечаток а јас лично сум ослободен од тоа дека создава голема нервоза во јавноста. И во врска со последното со таквата состојба, мислам дека не грешам ако речам дека до колку овие девијантни појави не се успее да се внесат на

некој начин во законот како дејствија чија што казнивост ќе се следи, прати и остварува, бидејќи мораме да тврдиме дека редовните судови веќе многу ретко имаат вакви примери и самиот министер во образложението тоа го кажа, тогаш ќе се роди потребата ако кривичниот закон не ги санкционира овие казнени дејствија, да се роди идеја за барање на закон за богатење во процесот, незаконско богатење во процесот на транзицијата од типот на законите на ратно профитерство. Еве уште еднаш подвлекувам, до колку ова незаконско богатење на групи и поединци кое што очигледно е на уште на целото општество, а на сметка на општественото богатство и на сметка на се уште неоспособените државни органи, стриктно да ги следат тие работи, ќе се роди идеја да се донесе закон за профитерство во процесот на транзицијата од типот на законот за ратно профитерство.

И ве молам ние како Собрание, јас сум должен да кажам затоа со сета свест и совест, сите сме должни што е можно побрзо да дадеме одговор на ова прашање. Не ќе кажам ништо ново, сите сме свесни за тоа, овие проблеми со гласањето последно, овие проблеми со референдумите со потписите се и резултат на оваа наша неефикасност и јас сега зборувам во корист на оние што вршат власт, побрзо да реагираат во нивен и во наш општ интерес.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, многу накратко сакам да го кажам своето мислење во врска со предлог законот посебно за делот од законот во главата XVIII каде што се зборува и се регулираат кривичните дела против честа и угледот. Мислам дека тука треба да најде место заштита, повредите и угледот на Претседателот на Републиката, заради тоа што мислам дека функциите што се штита со

членот 181 судијата и судијата поротник и во членот 182 S подбивање на странска држава, нејзиното знаме, шефот или дипломатскиот претставник, претседателот на државата заслужува таква заштита. 1 Ако пољаците донесуваат закон во кој за секоја клевета против драж- вата надвор се преземаат казнени мерки, тогаш мислам дека претседателот на државата заслужува да биде заштитен од вакви работи. Свеж е примерот од последните избори каде што претседателот на државата можеше да се сретне и на патиштата да се сретне со секакви облици, и да не речам се какви дејствија и од тој аспект потребно е да се стави еден член за негова заштита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани господа министри и пратеници. Ние го добивме овој закон пред 7 до 10 дена, зависно кој како ја добива поштата и без оглед што е ставен на дневен ред, јас сум за тоа веќе да се расправа по него и без оглед на тоа што веројатно и деловничките одредби се запазени, јас лично сметам дека рокот од 10 дена за вака обемен и сложен закон е прекраток за било кој правник, ова го тврдам како пратеник, во овој рок не е можно вака обемен материјал и сложен закон да се проучи, а камо ли да се компарира со стариот кривичен закон на СФРЈ кој е преземен за кривичен закон на РМ, или пак да се компарира со други странски прописи или со другите прописи каде што исто така се преземени и предвидени кривични дела.

Оттаму јас би нагласил дека во мојата дискусија искажувањето ќе биде со извесно оградување зашто овој рок, навистина, ми беше многу краток сериозно да го проучам, а тоа се однесува и на другите пратеници, па оттаму би апелирал во иднина кога ќе добиваме вакви

обемни, сложени и значајни текстови да има поголем рок за проучување за Собранието и за комисиите. Овој пат и на комисиите немаше квалитетна расправа, а знаеме дека долго време го чекаме овој закон, така да 7 -10 дена praпоместување не би значело ништо.

Инаку за самиот кривичен закон можам да кажам дека тој прави обид да се направи една поголема синтеза помеѓу праксата и теоријата. Во еден дел од тоа е и успеано. Кривичниот законик во иднина и во своите натамошни фази би требало уште повеќе да направи напор за поголема синтеза меѓу теоријата и праксата како и поголема синтеза на нашите традиционални вредности од кривичното право со нови современи струења и меѓународни стандарди. Република Македонија како членка на ООН е должна да ги почитува определените стандарди и оттаму во рамките на ова би требало да има поголем пристап во процесот на поголема унификација и стандардизација, се разбира, имајќи ги предвид и нашите специфики.

Овој процес на стандардизација како што се знае е отпочнат многу одамна уште во меѓународната казнена комисија која е основана 1872 година која дејствувала во рамките на Лигата на народите а потоа овие стандарди се преземени од ОН, кога ОН ја преземаат водечката улога во сузбивање на криминалот. Согласно член 55 од Повелбата на ООН и донесените одлуки, резолуции и други акти во врска со оваа казнена област , должни се сите земји - членки на ОН да подготвуваат проекти, програми за превенција. Ова го кажувам затоа што кривичниот закон во натамошните свои фази, според мене, покрај репресивната улога би требало малку повеќе да ја развие и превентивната функција во рамките на ресоцијализација на сторителите на кривичните дела.

Во овие рамки е потребно во натамошните фази да се обрне повеќе внимание на меѓународните конвенции, декларации и резолуции и другите акти што ги спомнав, а евентуално и негова експертиза пред

меѓународните институции. Неспорно е дека кривичниот закон е работен од стручни лица и дека тие во своите напори во оваа прва фаза успеале да извршат некои промени.

Во рамките на овие промени јас би напомнал една демократска придобивка на овој кривичен закон, односно она што е во сите нормални демократски развиени земји, а тоа е казнената евиденција да не биде во Министерството за внатрешни работи, туку таму каде што и е место, во сите развиени земји, во сите земји со долга парламентарна демократија, односно ја поздравувам таа одредба што е дадена во неколку членови каде што Министерството за внатрешни работи е должно да ја предаде оваа евиденција на судовите. Инаку за оваа демократска придобивка пратеничката група на Либералната партија се залагаше исто пред три години во своите ставови за трансформација и растоварување на Министерството за внатрешни работи, па така еве малку и по подолго време тоа почнува. Во рамките на ова би сакал да нагласам дека можеби е предолг рокот што се предвидува во овие одредби подолг рок од една година за предавање на оваа документација и ако е тоа сложена работ, но можеби овој рок би требало да се намали на шест месеци.

Исто така во општата расправа сакам да нагласам дека некои поими кои е тешко да се објективизираат, меѓутоа можеби треба да се направи малку поголем обид да бидат објективизирани, инаку ќе може да дојде до нивно слободно толкување. Во оваа прилика и во оваа фаза не би ги напоменал.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (Продолжение}

Во ова мое првично проучување на Кривичниот закон, јас само би кажал дека во членот 330 во Кривичниот закон; кај кривични дела против вооружени сили е предвидено кривично дело одбивање на прием на оружје за воено лице и воен обврзник во став 1 и 2 кој без оправдани причини ќе одбие да прими оружје. Се прашувам, и по трансформацијата на нашето законодавство бидејќи соодветните наши прописи од народна одбрана предвидуваат дека воен рок може да се служи и без оружје така во другите закони имаме оној што ќе одбие да при^ми оружје може да служи воен рок, но дупло подолго, и се прашувам дали ова можеби е во колизија одбивање на прием оружје на оние воени особено, обврзници кои што се определиле за друг начин на служење на воен рок, што значи, според мене, пак се оградувам, ова е мое првично согледување и споредување на овој закон со другите соодветни прописи од областа на народната одбрана, мислам дека е во колизија и дека не би можело да се предвиди такво кривично дело доколку е веќе предвидено и така нареченото цивилно служење на воен рок.

Кога сме веќе кај овие кривични дела против оружени сили таканаречени воени кривични дела јас би напомнал дека моето првично разгледување оди кон тоа дека тие се речиси идентични, препишани од кривични дела кои беа предвидени и во Кривичниот закон на СФРЈ, со исклучок на еден или два, дури идентичен редослед имаат, а и казните се слични, со некои ублажувања, па се прашувам дали можеби овие најнови процеси кои се присутни во нашава држава односно нашите стремежи за влегување во НАТО, примање во партнерство за мир итн., дали овие кривични дела треба да претрпат измени односно да има некои усогласувања и некоја компарација со таканаречени воени

кривични дела со кривични законодавства на други земји членки на НАТО. Јас мислам дека сепак постои преголема сличност спрема овие кривични дела тогаш кои беа предвидени, во тогашната ЈНА и сега и мислам дека уште еден напор треба да се направи за прочешлување на овие кривични дела, како што кажав и претходно.

За останатите не би можел подетално сега да ги коментирам, се надевам дека ќе имаме прилика и во натамошни фази и поголем рок, би апелирал до претседателот на Собранието и до Претседателството, без оглед на Деловникот кога се вака обемни закони, уште еднаш потенцирам да се остави на пратениците да можат подлабоко и поаналитички да ги проучуваат законите.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, и јас сакам да се вклучам малку во дискусијата околу овој Кривичен законик, сигурно причините за негово донесување се разни, јас неговото донесување го прифаќам.

Сакам да дадам мал коментар на два члена од главата која се однесува на кривичните дела против здравјето на луѓето и тоа конкретно на членовите 209 и 210. Имено, член 209 се однесува на не укажување на медицинска помош. Мислам дека и во поранешните закони тоа е предвидено, практично да здравствените работни^и и лекарите се должни да пружат здравствена заштита било каде да се, меѓутоа, со една ограда, кажано е дека лекарите или други здравствени работници што спротивно на својата должност нема да укажат неодложна медицинска помош со една интервенција да се каже, освен во случај кога директно е загрозен животот на лекарот. Тоа е интервенција моја, на тој

XII/3

член. И, на член 210 во кој се зборува за надрилекарството, јас сум малку збунет, право да ви кажам каде се вели тој што без овластување на надлежен орган определен со закон се занимава со лекување или со давање медицинска помош ќе се казни итн., па не знам кој е тој надлежен орган и која ќе е таа потврда да може некој со несоодветно образование да може да пружи здравствена заштита.

Дали преку овој казнен законик ние ќе озакониме да пружаат здравствена заштита некои оџи, што знаеме, или знаеме некои надрилекари во смисла спроведување на криминални абортуси нестручни пороѓаи, понатаму разни мајстори за местење на фрактури, за местење на луксации и тн., мислам дека оваа дефиниција не е во ред и таа за мене всушност треба, се знае кој пружа, пружа здравствена заштита или лекува тој што има соодветна стручна спрема. Да има завршено медицински факултет и сите други понатамошни доусовршувања.

Значи мое залагање е дефиницијата за надрилекарство практично да се промени и да се каже дека со лекување ќе се бават исклучиво луѓе кои што имаат завршено соодветна стручна спрема, а тоа се однесува на Медицински факултет, Стоматолошки факултет и тн.

Благодарам.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, сметам дека предлогот за донесување на Кривичен

XII/4

законик претставува секако едно заокружување на судската власт, практично она што како држава и како Парламент е цел да со тоа заокружување на судската власт и на третата власт во државата допринесеме судството да биде независно односно да овозможиме тоа да функционира независно на овие простори во нашава држава.

Забелешката дека овој предлог на закон како пратеници го добивме во многу кратко временско растојание сосема држи, по мене, бидејќи навистина немавме во овој краток временски период време да направиме некаква споредба со важечкиот кривичен закон, односно со предложениот закон во прва фаза за да можеме можеби потемелно и постручно да дадеме некои свои забелешки.

Добро е што во овој предлог на закон за донесување постојат одредени иновации, добро е што во него се воведува поимот затвор и доживотен затвор, потоа забраната за јавен настап, законската и судската рехабилитација, казнената евиденција од МВР се префрла во судовите и добро е што амнестијата повеќе не поаѓа од Министерството за правда туку е дадена судовите да решаваат за амнестирање.

Како друг позитивен елемент, по мое мислење, е тоа што одреден негативни појави во стопанството во овој случај се санкционирани, а тоа е појавата нас перење на пари, митото, корупцијата, фалсификување на хартиите од вредност, посебно она што во последно време зборуваме за берзата, имаме намера таа берза да профункционира оваа година и сметам дека сите овие појави кои се јавуваат во земји во транзиција, во пост-комунистичките земји, секако претставуваат една,би рекол позитива

во овој закон и добро е што се внесени како такви. Јас во однос на овој предлог имам две забелешки, првата е во однос на колизија што се јавува од аспект на поимот на доживотен затвор со членот 10 и членот 12 од Уставот. Имено, во членот 12 од Уставот во став 1 и став 2 јасно стои дека слободата на човекот е неприкосновена односно во став 2 вели дека таа слобода единствено може да биде ограничена со одлука на судот односно со утврдена постапка со законот.

Во овој случај со поимот доживотен затвор практично слободата на човекот потполно не е ограничена односно му се одзема бидејќи со било каква друга судска одлука таа претставува некаква ограниченост односно со временска казна би рекол дека потполно би одговарала со овој став од членот 12.

Како друга забелешка што исто така паѓа во очи е тоа што постои една голема разлика, дистинкција меѓу изречената казна за тешки кривични дела, а тоа се однесува на казната 10 или доживотен затвор. Имено, за сите крвни деликти односно лишување од слобода на граѓански лица, воено лице итн., или таканаречени убиства навистина ќе дојде судијата во една голема дилема кога ќе се изрекува таа лказ на према прекришителот, имено треба да одлучи дали ќе биде казната 10 години или доживотен затвор. Сметам дека тука треба и морало предлагачот да предвиди некаква, би рекол, помала разлика, некоја временска казна која би била, би рекол, помала временска разлика меѓу 10-те години односно доживотниот затвор.

Од друга страна се предвидува барем она што беше" кажано од предлагачите дека казната доживотен затвор после 15 години одлежани постојат услови казненикот односно субјектот кој ја одлежува таа казна,

да биде помилуван. Од аспект на сатисфакција на жртвата, прашувам дали една ваква поставка е исправна и ќе спомнам дека во однос на членот 12 од Уставот од ставот 2 дали е коректна, и сметам дека тука би требало предлагачот да размисли околу тие две примедби кои јас ги имам.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави министерот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Овој пат кратко, бидејќи ќе имаме ново разгледуваше и нова фаза. Ќе бидат земени со полно внимание од страна на стручната група, меѓутоа, и од страна на министерот и Владата и сите забелешки што ќе ги добиеме во писмена форма. Сепак, саскам да кажам дека овој закон е мошне важен и исто така е увод во реформата во кривичното законодавство која што реформа ќе биде дополнета со уште четири нови закони, што се исто така подготвени, ќе бидат на дневен ред во наредниот период и тоа последователно по Кривичниот законик. Кривичниот закон е, како што знаете сите, материјален кривичен закон, преку него се огледа политиката на инкриминацијата, имплицира или се подразбира скалата на вредностите и може да се оцени, покрај по тој елемент и по елементот на политиката на казнувањето, поместувањето на ова општество во вредносна смисла и одговорот на прашањето дали ново законодавство, во таа смисла и кривичното го следи процесот на транзиција или на промена на структурите на промена на основните вредности и на промена на општествените односи.

Во таа насока само да дадам некои податоци, поготово што за овој закон беше кажано дека не е ништо ново, туку само променет насловот во однос на старото кривично законодавство наследено оваа бивша Југославија и колку тоа има во себе, новини. Затоа, ќе се задржам на

некои квантитативени податоци. Од вкупно 430 членови колку што има овој закон интервенирано е во 237 членови, што значи се именети или комплетно нови 23 7 членови. Тоа значи дека е направен еден крупен чекор напред во структурата на тие измени има потполно нови 30 основни кривични дела, 35 и има уште 120 нови изведени кривични дела, што значи дека структурата, лепезата на нови кривични дела е евидентно и укажува овој нов закон ги следи и промената на кривичните дела или промената во структурата на криминалитетот.

Станува збор, исто така, за вклучување на кривични дела по мерката на инкриминацијата и исто така и по казнената политика, кој што произлегуваат од меѓународното кривично законодавство и прво, особено концентрирано врз меѓународниот криминал и врз криминалот што како особено тежок го превенира и преку законската материја, значи, преку нормативната секоја една земја. Во таа смисла вие можете да забележите посебни инкриминации во таканаречениот тежок организиран криминал и особено нови казни, и особено нови правни последици во однос на одземањето на имотот. Оние варијанти кои што се спомнати на одземање на имотот по повод перењето на парите и друг имот, а се однесува на имот кој што е стекнат од злоупотреба на дрога, криумчарење на оружје. Понатаму, меѓународен или друг вид на криминал и тоа земање е практично врвот на санкционирањето по основа на одговорност и по основа на одземаше на имот преземен од едно од европските права на примерот на францускотo право.

На крајот само да кажам дека во рамките на новиот кривичен закон нема само една голема маса на новини туку има комплетно нова

концепција на дефиницијата на кривичното дело, во исто време има нова структура и нова систематика на кривичните дела, што укажува дека овој кривичен законик, респектирајќи го Уставот и упатеноста на нашето општество кон европските структури и европското право има промени и од концепциска и од структурна и од квалитативна и квантитативна природа. Се надеваме дека овој закон тогаш кога* ќе биде усвоен со сите подобрувања во смисла на сугестиите што беа дадени и оние што ќе бидат дадени во меѓувреме дека ќе претставува една добра етапа која што ќе се искористи за комплетно изучување на сите аспекти на современиот криминалитет и која што фаза и изучување ќе доведе до еден комплетно нов текст после три- четири години пред овој ист Парламент ќе се предложи комплетно нов кривичен закон. Дотогаш сметаме дека овој кривичен законик треба да биде подложен, така да се каже на испитување во однос на праксата, или овие нови инкриминации исто така на еден период на зреење на нова проверка. Носиме надеж дека тој успешно ќе ја изврши својата функција, како што ја имаат другите кривични закони во другите држави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сакам само малку во делот на заштита на еколошкиот сегмент на околината да укажам на две актуелни инкриминации. Тоа е заштита на крајбрежјето на езерата и заштита на водената површина, односно на две јавни добра

кои што се заштитени како недвижности, меѓутоа, присутна е појавата на две инкриминации тука. Тоа е градење на оградни ѕидови, огради, под изговор заштита од езерските бранови и нарушување на интегритетот на крајбрежниот појас.

Второ, исто така навлегување и во водената површина и нарушување на интегритетот и на ова јавно добро. Исто така, сакам да укажам и на одредени отстапувања предвидени со законите, кои што се однесуваат на основната функција на земјиштето, односно за пренамена на земјиштето со оглед на поголемата урбанизација, а со оглед и на актуелната потреба од храна. Сметам дека она што е предвидено во основните актуелни закони, Законот за земјоделство, Законот за шумите, за пасиштата, за утрините дека основната функција која што е наменета е предвидена со овие закони треба да биде заштитена односно оневозможени одредени инкриминации во нејзина пренамена, иако е заштитена недвижноста и сопственоста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието да го усвои следниот заклучок:

Прво, Собранието го усвојува Предлогот за донесување на кривичен законик.

Второ, Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог - кривичен законик, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ по Предлогот за донесување на закон.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на оваа седница на Собранието да се достави до Владата на РМ и Министерството за правда.

Кој е за, предложениот заклучок, молам, да крене рака? (пратениците креваат рака).

Седумдесет и три пратеници гласаа за.

Дали е некој против?(Не).

Дали некој се воздржува од гласање?(Не).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Предлагам овде да прекинеме со работа и да продолжиме утре во 11,00 часот, но ве молам за точност.

(седницата прекина со работа во 17,35 часот).